СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од Првото продолжение на Осумдесетата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 ноември 1997 година

Скопје, ноември 1997 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 80 -та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 27.XI. 1997 год.**

<u>Дискутанти:</u>

Д.Р.-стр.1- Расправа по Нацрт Законот за Денационализација
с. 106 - изгласан

1. АБДИ ФАИК - 71
2. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 101, 104
3. ДОНЕВСКИ СЛОБОДАН - 83, 86 ,91
4. КОТЕВСКИ СЛАВКО - 44 --- ГОШЕВ ТУШЕ - 36, 39
5. КАДРИУ ЗЕЌИР - 68 ,71
6. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ - 93, 96
7. МИНОВ ПАНЧО – 47 ,49, 56
8. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 8 ( води седн.)
9. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 79, 91
10. НИКОЛОВ ЈОВАН - 98
11. ПЕТКОВСКИ ТИТО - ( води седн.) 1,..
12. ПУРДЕ НАЏИ - 33
13. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА - 57, 63
14. РАМАДАНИ ХИСЕН - 29, 33
15. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 8
16. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 17, 105, 106
17. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 1, 7
18. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 19, 23, 92
19. ХАСИПИ ЌЕНАН - 12, 14
20. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 65
21. ШАКИРИ ХИСНИ - 76, 78.

- продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 ноември 1997 година

Седницата се одржа во сала I во Собранието на Република Македонија.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесеттата седница на Собранието.

Пратениците Сали Рамадани, Тодосије Паунов, Аце Коцевски Стојан Андов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Има збор г-дин Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги,

Секако дека сум за донесување на закон за денационализација како политичка определба. Познато ни е дека со Уставот на РМ како наследник на Социјалистичка Република Македонија се дистанциравме од општествената сопственост а по приемот на РМ во Советот на Европа земавме обврска дека ќе го почитуваме Протоколот I на Европската Конвенција за човекови права и слободи.

Исто така, во членот 30 на Уставот на РМ постои определба каде што сопственоста како врховно економско социјално право е

ставена на централно место, а исто така и уставната определба дека ограњето на сопственоста мора да биде репарирана, надоместена со вредност која не е пониска од пазарната вредност.

Овие наши уставни решенија во целина коинцидираат во Протоколот I на Европската Конфесија за човекови права и слободи. Оттука секое ограничување на сопственоста, иако постои мислење дека таа е недопирлива и дека никој не смее да ја чепка, не коинцидира со Протоколот I од Конвенцијата за човекови права и слободи и Протоколот на оваа Конвенција со членот 30 на Уставот на РМ. Имено, и сопственоста може да биде ограничена, но само и исклучиво во јавен интерес, и ако прашањето на јавниот интерес е решено со закон и само со закон а никако арбитрарно.

Ние го донесовме Законот за трансформација на општествениот капитал. Со тоа е извршен првиот удар на општествената сопственост, меѓутоа, не до крај. Со Законот за денационализација треба да се расчисти со општествената сопственост и нормално она што некому му е одземено да му се врати како реституција или како репарација. Со Законот за трансформација на општествениот капитал, во одделни негови одредби, се оставени оние делови кои не припаѓаат на трансформираните претпријатија во општествен капитал. Тие се тука добро лоцирани, а тоа си е имотот на поранешните сопственици, на кои со одредени закони со идеолошка содржина им се одземени.

Со Законот за денационализација се опфатени областите и законите со кои е одземена сопственоста на поранешните сопственици и тука се Законот за национализација на претпријатијата од 1946 година, станбените згради, градежното земјиште, експропријацијата и конфискацијата како присилна мерка.

I/3.-

Сега постои определба, но како реално се наметнува прашањето на дострелот, на дивенциите или зафатот со кој што треба да се изврши со овој Закон денационализацијата,односно реституцијата и репарацијата и моделите на изведба на овие определби, но така за да се создаде еден реален баланс на интересите меѓу државата и оваа популација на оштетени сопственици. Секако, тоа е работа на една мудра политичка одлука, а она што како политичка волја сакаме да го направиме, секако располагаме со доволно компетентни сили и од областа на имотното и од областа на граѓанското право и од областа на економијата и може да се разреши!

Меѓутоа, бидејќи целите и правдите на приватизацијата и денационализацијата се исти, морам да констатирам дека денационализацијата односно овој закон талка по Законот за трансформација на општествениот капитал. Вие знаете дека него^ поднесовме во 1993 година, а еве сеуште сме во многу дилеми околу донесувањето на Законот за денационализација. Меѓутоа, нема никакво алиби од типот тешко е, сложено, подолго ќе трае. Ова прашање мора да се реши за да се создаде едно политичко задоволство и второ, за да се забрзаат сите предуслови за наше приклучување кон Европа. Зашто не е доволно само арбитрарно за искажуваме политичка волја дека имаме европска ориентација, а да немаме параметри со кои истата ќе ја докажеме.

Имено, со Законот за трансферација на општествените капитал во најголем дел општествената сопственост се заменува и се претвора во државна сопственоста и тоа се покрива со терминот и поимот "поширок јавен интерес". Еве, во дискусијата и министерот за финансии рече дека експропријацијата е иземена од Законот за денационализација и таа определба ќе ја порием. со што? Јавен интерес. Поставувам прашање: дали приватната сопственост на шумите, пасиштата не е добро од јавен интерес. Одборот е потврден.

I/4.-

Потоа, со Законот за трансформација на општествениот капитал некаде околу 388 претпријатија со општествен капитал или 51% од вкупните деловни средства на овие претпријатија се изземени од приватизација односно се трансформирани во јавни претпријатија,со имот чиј сопственик е државата. Мислам дека, сепак, не можеме даречеме дека приватната сопственост како уставна обврска од членот 30 и како обврска како членки на Советот на Европа по Протоколот I од Европската Конвенција, не можеме да бидејќи мирни на ваква голема доминација на државната сопственост. Ова и заради нашата ориентација на пазарна економија. Државната сопственоста во себе си содржи елементи на командна економија и го стеснува. просторот на пазарот, а ние велиме една од определбите е пазарната демократија и пазарната ориентација.

Исто така, со членот 6 од Законот за трансформација на општествениот капитал е изземено и градежното и земјоделското земјиште, кое со денот на влегување во сила на Законот за трансформација на општествениот капитал се прогласува за сопственост на РМ односно државна сопственост. А пак претпријатијата кои што се трансформирале со Законот за трансформација на општествениот капитал овој веќе подржавен имот и го користат и натаму, но само на користење, веројатно, а и потребно е тоа користење да биде со надомест се додека истиот не исчезне, односно не се приватизира.

Сега се поставува прашањето до кога, до кога овој државен капитал сместен во претпријатијата трансформирани со Законот за трансформација на општествениот капитал ќе биде државен капитал даден на користење на овие претпријатија. Секако дека до донесување на правосилно решение за денационализација. Според тоа, државата како сопственик на градежното земјиште и земјоделското земјиште ќе

мора да бара надомест за користењето на ова вака трансформирано земјиште во државен капитал. Пак до кога? Секако до донесувањето на правосилно решение за денационализација на порано веќе национализирано земјиште. Тоа значи дека градежното и земјоделското земјиште се обликува во две сопственички форми: првата, она што со правосилно решение ќе им припадне на поранешните сопственици и вториот дел на државна сопственост што и натаму останува во претпријатијата трансформирани во Законот за трансферација на општествен капитал на нивна употреба. Прашањето на надомест државата мора да го реши. Значи ли тоа дека градежното и земјоделското земјиште кое останува во државана сопственост и понатаму ќе може да се трансформира во приватна сопственост, односно да се приватизира. Одговорот е потврден, само во тој случај мора да се донесе закон за трансформација на градежното и земјоделското земјиште во приватна сопственост, согласно одредбите на член 3 од Законот за трансформација на општествениот капитал. Тоа е законска обврска. Ова го сметам за клучно прашање. Зошто? Заради сигурноста на странските инвеститори за нивни инвестиции во згради и опрема на земјите со познат сопственик. А сега сеуште не е така, мора да се согласиме со тоа.

Затоа, со Законот за денационализација треба што поскоро да се откочи ова прашање. Затоа се присутни синтагмите дека приватизацијата сеуште скоро се одвива и градежното и земјоделското земјиште, што со Законот за трансформација на општествен капитал државата го создава на нејзино користење како привремено сопственичко право треба да не стане, државата не смее да чува туѓ имот и од него да протестира, затоа што тоа е туѓо и не е нејзино.

I/6.-

Нешто околу изворите на средства за изведба на Законот за денационализација и конкретно за моделот надомест или репарација, член 31 - обврзници, односно член 38 - обврзници серија А и еквиваленти за замена, покрај предвидените еквиваленти во членот 38, пред- лагам: како еквиваленти за замена да биде и владиниот влог, удел, во 25-те загубари. Тоа овде не е предвидено, односно уделот на Владата предвиден со Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата што покажуваат загуби. Тоа се државни пари и на тие пари има право да се издаваат обврзници.

Потоа, го дополнувам членот 38, покрај ова за 25-те загубари, обврзниците да служат и за извршување на одредени обврски на граѓаните поранешни сопственици за данок, за царина, за акциза, ако некој се бави со таа проблематика, потоа за премии во осигурување на живот.

(во меѓувреме претседателот Тито Петковски излезе од салата и на неговото место дојде потпретседателот Џеладин Мурати).

Познато е дека многу граѓани од западниот свет даваат високи премии за 10 - 15 години, сигурно дека тука треба и измена на тој закон од областа на осигурувањето, потоа за здравствено и за пензиско осигурување.

II/1 CJ/НД

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:** (Продолжение)

И, нешто, околу членот 39 околу должината на исплаќањето на обврзниците од серија Б, 30 години. Ако земеме ние дека еден капитал на кого што му е одземен долг период, сопственикот претрпел штета што не добил она што треба да го дава тој капитал затоа што му бил одземен мислам дека обврзниците од серија Б треба да бидат заштитени и со каматата.

Кога го донесуваме овој закон и кога ги лоцираме и идентифицираме изворите за негово реализирање си го поставувам прашањето дали досега сите овие закони што ги носевме од оваа област имаат една динамика и една смисла таква што ќе обезбедат многу лесно решавање на прашањата и проблемите на денационализацијата. Па, си велам: кога го донесовме Законот за продажба на деловен и станбен простор, ние многу рано го донесовме овој закон и многу рано го пуштивме во оптек. Замислете кога тој закон би бил пратечки закон на Законот за денационализација. Со обврзници луѓето ќе можеа да купуваат и деловен простор и станбен простор и ќе беше олеснета оваа проблематика.

На крај, морам да кажам исто така, да не се занесуваме дека со афирмација на сопственоста, индивидуалната, приватната сопственост, дека се решени прашањата во државата и дека веќе тргнавме кон општество на благосостојба. Дека тоа не е така ни укажуваат економските параметри. Прво, голем број на невработени, второ, висок трговски дефицит во билансирањето увоз,извоз и мора да констатираме дека е потребно нешто друго. Потребна е нова управувачка структура со капиталот. Таа структура треба да се одлепи од сопственоста. Сопственоста е едно, а знаењето на управување, раководење со капиталот е сосема друго.

Македонското општество мора да овозможи да влезат други луѓе што ќе управуваат со капиталот, што ќе живеат во светот на економијата, место во светот на политиката, луѓе иако анонимни кои што ќе не влечат

кон општество на благосостојба. Нешто би сакал да кажам и околу станбениот простор што во период од 5 години треба да биде на користење на поранешните сопственици под закуп. Мислам дека од 1990 година па уште пет години, 1997 година, па уште пет години, тоа се 12 години. Периодот е предолг, државата мора да си најде средства и начини ова прашаше да го реши односно сопствениците и на тие станови да станат навистина сопственици и да се создаде еден подобар баланс на интересите на државата и приватните поранешни сопственици.

Со сите овие забелешки од ова излагање се залагам што побрзо да се донесе и операционализира Законот за денационализација и истиот го поддржувам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги, ќе се сложите со мене дека расправаме за закон кој навистина побудува доста интерес и кај нас и кај граѓаните кои тука ние ги застапуваме. Тоа е Нацрт на закон за денационализација.

Зошто побудува интерес, мислам дека не треба многу да се образложи, сведоци сме овие денови, ние како пратеници одлично, интензивно соработуваме со граѓаните и со разни здруженија, тоа значи дека тие граѓани бараат од нас како народни пратеници да ги изнесеме нивните ставови, нивните барања, па и нивните гледања што не значи дека сите тие ќе се прифатат, меѓутоа, без разлика од која партија припаѓаме, од, која пратеничка група, дали сме коалициони партнери и тн. Ние треба да сугерираме и треба да укажуваме на тоа што е барање односно интерес на граѓаните кои ги застапуваме.

II/3.-

Гледајќи го законот а и слушајќи го експозето на господинот министер Таки Фити, навистина се појавува едно размислување кај мене кој за што, кога се работи за овој закон се ангажира.

На прв поглед се добива впечаток дека Владата односно дотичното министерство се ангажира да најде начин и да создаде такво расположение што е можно повеќе да не се врати имот.

Исто така, кога ќе читаш забелешки од некое здружение на пример за заштита на интересите на сопствениците на одземените имоти тогаш веќе има една друга содржина тоа е содржина која те наведува на тоа дека други се ангажираат што повеќе да се врати од одземениот имот.

Поаѓајќи од тоа дека се работи за закон кој воедно прави и еден пресек со минатото и сегашноста односно иднината тогаш и на политичкиот систем и на општествениот и на економскиот мора да кажеме дека овој закон воедно претставува една лична и колективна сатисфакција за тие кои се непосредно засегнати со сето тоа што било во минатото во однос на земањето на имотот.

Во исто време се добива впечаток дека од оваа содржина на законот дали одговара и насловот затоа што кога гледаме колку не се враќа имот се поставува прашањето дали е овој закон за денационализација. На пример иако имавме ние некои објаснувања и од министерот за имотот на верските заедници односно едно образложение-кратко, зошто неможе да се врати сега или со посебен закон или градежното земјиште, или тоа што е земено со експропријација и доаѓаме до една констатација кога навистина се поставува едно такво прашање дали законот да носи наслов односно титулар на Закон за денационализација.

Општествено-економската состојба на РМ го наметува императивот со Законот за денационализација на граѓаните да се вратат сите имоти и ваквата определба ја истакна и министерот за финансии и во

II/4.-

неговото експозе исто така читајќи го литимично законот се стекнува и такво впечаток. Но, ако навлеземе подлабоко во содржината на одредбите произлегува спротивното.

Ако го прочитате член 21, 22, 23, 24, предлагачот во нив предвидува да се вратат земјоделското земјиште, утрините, шуми, станови, деловни згради, подвижни предмети што практично ќе ве задоволи.

Но, ако го прочитате член 9 точка 1 и 2 тогаш ќе констатирате дека предлагачот добива; неограничена власт да определи дали навистина ќе се вратат имотите по членовите 21, 22, 23 и 24 или ќе се добие надоместок.

Дека е така може да потврди неоправданоста на точката 1 од член 9 која вели: "не се враќа во сопственост, а се дава надомест за имот кој по одземањето според законот станал добро во општа употреба". Ако станал добро во општа употреба, имотот престанал да постои и затоа во член 30 се предвидува за таков имот да се даде надомест. Сигурно предлагачот мисли на нешто друго, што нему би му дало за право да цени надвор од законот толкување на правниот поим добра од општа употреба, значи инфраструктура, а со тоа за некој имот тој ќе може да го цени според неговата волја и да не се врати.

Во точката 2 на член 9 се вели: "не се враќа имотот а се дава надомест за имот кој до денот на влегување во сила на овој закон право на сопственост стекнал од друго физичко или правно лице со правно дело или одлука на надлежен орган.

Се поставува прашањето кој е тој имот земен од граѓаните истиот да не станел имот на правно лице со одлука на некој надлежен орган, а тоа за мене е бесмислица. Секој имот е даден на тогашните правни лица, задруги, разни претпријатија и така натаму. Тогаш што се врака? Ништо. Се оди на надоместок, а исто така велиме пари немаме.

II/5.-

Затоа предлагам да се бришат точките 1 и 2 на член 9, а другата содржина да се вметне во член 30, а член 9 да се брише.

Во експозето на министерот на дел од експозето се спомна дека од 2300 станови кои во РМ треба да се вратат на поранешните сопственици, со ваква, мислам неаналитична провокација како да се повикува некако јавноста да биде против денационализацијата. Зошто? Бројот на становите во експозето е веројатно е десетоструко помал. Јас незнам каква цел има вакво шокантно зголемување на бројот на становите што треба да се врати и кому му треба и во каква функција ваквата неточност, кога знаеме дека само во општина Центар кој пред војната бил најгуст и најпристојно изграден станбен простор во РМ а во таа општина има само 60 вакви станови кои се предмет на денационализација. И, затоа молам да не се димензионираат вака проблемите бидејќи самиот факт што историската неправда ја коригираме после 50 ѓодини самиот по себе станува сложена задача. И, мислам сите овие сугестии, сите овие кажувања што ги добиваме и од здруженијата кои што ги бранат интересите и на граѓаните и ние како пратеници бидејќи расправаме за втората фаза на законот, а јас верува од кога ќе се земе во предвид мислам дека сите тие текстови што ни доаѓаат и сите нивни сугерирања односно укажување не се вперени така да речам непосредно или со некоја тенденција против Владата туку се сугерирања кои г на еден начин ни се доставуваат да се укажува и да се разработи уште еднаш добро текстот на Законот за денационализација и да имаме навистина добар и квалитетен закон затоа значењето на законот го кажавме и јас и моите колеги, а и од тоа што го слушаме од од граѓаните.

Благодарам.

II/6.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Збор има господинот Никола Поповски. (Не е тука)

Има збор господинот Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван господине потпретседателе, ценети владини претставници, воведното излагање на министерот за финансии господинот Таки Фити, како и вчерашната расправа по ова прашање во Собранието, укажа на бројни слабости на Нацрт текстот на законот кои во наредниот период мора да претрпат одредени корекции доколку сакаме оригиналната верзија на законот во полна мера да ги корегира неправдите кон некогашните сопственици чиј имот бил одземен со присилни прописи. Ова дотолку повеќе што овој законски проект е тест проба за способноста на ова општество да ги корегира неправдите во минатото, се разбира на начин и во обем кој соодветствува со економските потенцијали на земјата.

Морам да признам дека, пред да го чујам воведното излагање на министерот Таки Фити имав поинаква концепција на моето излагање по повод овој закон, меѓутоа по воведното излагање на министерот за финансии одлучив моиве опсервации да ги започнам со одредени констатации на министерот што дефакто е трансмисија на владиниот концепт по оваа проблематика и моите коментари по истиот.

Имено, господинот министер укажа дека темелните принципи на Нацрт-законот поаѓаат од вкупните состојби на Републиката на економски план, пред се внатрешниот и надворешниот долг, од состојбите и обврските на буџетот за подолг рок и согласно на тоа овој закон коинцидира со економската моќ на земјата и дефакто законот концептуално се базира на враќање на реален имот, а помалку на плаќање на пари т.е. кеш, кој пристап е порестриктивен. И, се би било во ред доколку не се работеше за донесување на закон кој само по себе

подразбира еднакви критериуми за сите некогашни сопственици на одземен имот и доколку правото на сопственост и наследство, неможноста за одземање или ограничување на сопственоста како и надоместокот во случај на експропријација и ограничување на сопственоста не понизок од пазарната вредност не беа уставна категорија.

Оттука, речиси е невозможно во оваа сфера да се направат рестрикции, а притоа да се остане во рамките на уставот на оваа земја.

Сосема е друго прашањето дали економската моќ на земјата е доволна оваа проблематика да ја регулира во склад со уставно загарантираните права на таа категорија граѓани.

**КЕНАН ХАСИПИ:** (ДРОДОЛЖЕНИЕ)

Во спротивно, или денационализацијата ја губи својата смисла, или ќе користи како повод за бројни судски спорови и де факто Македонија ќе се претвори во судница во која секој, секого ќе го тужи. Оттука законот мора во себе подеднакво да ги третира сите граѓани чиј имот бил одземен со присилни прописи и тоа не само со оние кои се таксативно назначени во текстот на Нацртот на законот, туку и оној имот кој е одземен со разни подзаконски акти и други правни дејствија како и имотот кој под разни притисоци бил "поклонуван" на. државата. Се разбира дека глобални согледувања колку државата ќе ја чини ваков проект не може да има, бидејќи претходно не е утврдено следното. Прво, колкав е обемот на имотот што може да се врати онака како што е одземен. Второ, колкава е глобалната вредност на имотот кој не може да биде вратен заради тоа што истиот е во состав на земјоделски, шумски и други блокови како и деловни објекти и деловни простории во сопственост на државата, а истите издадени под наем од страна на јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на одредени претпријатија, граѓани и друго. Колкава е глобалната вредност на одземеното градежно земјиште, експроприраниот имот за кој е дадена симболична надокнада и тн. Оттука не изненадува фактот што нацрт-верзијата од овој закон нуди порестриктивни решенија во однос на Предлогот за донесување на закон за денационализација кој беше расправан во ова Собрание. Поаѓајќи од ова, сосема е разбирливо што во воведното излагање министерот претежно се задржа на елементите што не се предмет на регулација со овој закон. Имено, беше изнесено дека експропријацијата не е предмет на овој закон од причини што истата цитирам: "се вршела, се врши и ќе се врши заради јавен интерес на државата" и притоа се дава адекватен надоместок.

III/2.-

Се разбира дека експропријацијата не би заслужила внимание и веројатно не би се инсистирало да биде предмет на овој закон доколку надоместокот соодветствувал на пазарната вредност на експроприраниот имот. Јас сум длабоко убеден дека и министерот го дели истото мислење. Симболичната надомест не може и не смее да биде причина оваа категорија на граѓани да не бидат обештетени.

Понатаму, одредбите на овој закон нема да се применуваат за конфискуван имот по влегување во сила на Кривичниот законик од 1951 година со образложение дека конфискацијата по овој период била изрекувана како споредна мерка за извршено кривично дело и дека не била од идеолошка природа. Ваквото тврдење е пресмело особено ако се има во предвид дека најголем број на ваквите таканаречени кривични дела дефакто биле изрекувани заради скренување од тогашната зацртана идеологија која казна била пратена и со конфискување на имотот на дотичниот. Во образложението на министерот предмет на овој закон не е и градежното земјиште, од причини што оваа проблематика ќе се регулира со закон за градежно земјиште. Ако е владина стратегија оваа категорија на граѓани да се обештетат, тогаш изненадува фактот зошто оваа проблематика да се регулира со посебен закон што во најмала рака овие заложби ги става под големо сомнение. Слично образложение се дава и за црковниот имот и за имотот на другите верски заедници без оглед на комплексноста на тоа прашање решението треба да се бара во рамките на овој закон. Во спротивно парцијалните и козметички пристапи само ќе ја искомплицираат ситуацијата и ќе ја обезвреднат благородната идеја за исправување на неправдите во минатото.

Нацрт-законот содржи бројни одредби кои што се воопштени, непрецизни, кои ќе доведат до бројни субјективизми и дополнителен правен хаос. Во таа група се вбројуваат формулациите имот кој

станал добро во општа употреба, имот на кој право на сопственост стекнал од друго физичко лице или правно лице со одлука на надлежен орган и други формулации. Посебно внимание заслужува член 1 од Законот за денационализација кој вели: "Со овој закон се уредува начинот, условите и постапката за враќање во сопственост на имот, односно давање на надомест за имот одземен од физички лица државјани на Република Македонија". Оваа формулација укажува дека предмет на овој закон е одземениот имот на оние лица кои во моментот на одземањето имале државјанство на Република Македонија, тогашно Федеративна Народна Република Југославија. Оттука сосема е во ред истапувањето на еден пратеник вчера на говорница, кој го постави прашањето за иселениците и нивниот имот. На една од комисиските расправи на прашањето за иселениците од турска националност се добил одговор дека за тоа се дало обештетување околу 3.700 илјади долари. Сведено на бројот на иселениците тој број доаѓа околу 10 до 15 марки по иселеник, што сигурно не е ниту симболична надокнада на она што тие го оставиле.

Во член 22 посебна дискутабилна категорија тоа се становите, станбените згради кои се враќаат во сопственост со тоа што се трансформира во закупен однос меѓу барателот и корисникот во траење од пет години, дискутабилна категорија, а посебно е дискутабилна категоријата каде што Владата зема обврска да го реши станбеното прашање само на дел од корисниците на станарско право, односно тие кои што уживаат социјална помош. Мислам дека за една иста категорија на граѓани кои што се оштетени се применуваат два различни аршина.

И уште неколку реченици во врска со начинот на обештету-вањето. Се нуди обештетување со обврзници. Јас нема да навлегувам

серија А, серија Б и тн. меѓутоа нешто друго е малку посимптоматично кое што директно го дерогира член 30 од Уставот на Република Македонија кога надоместокот се зема, како надоместок се земаат обврзници од серија Б, надоместувањето изнесува само 60% од висината на утврдениот износ, но не повеќе од 100 илјади германски марки. Мислам дека тоа директно се коси со став 4 од член 30 на Уставот на Република Македонија кое наложува дека надокнадата не смее да биде помала од пазарната вредност на тоа. Се плашам дека некогашните сопственици ќе поведат постапка не само на сите судски нивоа, туку и до Уставниот суд на Република Македонија што веројатно ќе доведе во еден нареден период и овој нацрт на закон да ја доживее судбината и перипетиите на околу десетина досегашни верзии.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Владимир Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги, забележително е отсуството на министерот кога се расправа за една така важна тема како што е законот за денационализација. Имам информација дека не присуствувал и на матичната комисија за финансии, што го сметам за недопустливо.

Господо, кога го носиме овој закон треба да си поставиме, или јас си поставувам повеќе прашања. Кога го носиме овој закон. Ние сме последна, или меѓу последните земји кои носат закон за денационализација, а кои минуваат низ слични процеси на транзиција. Носењето на законот е и под притисок на меѓународниот фактор, што значи условување со одредени кредитни аранжмани. Се разбира се

доцни и од идеолошки причини. Сеуште веројатно не се има расчистено со хипотеките на минатото што навистина е тешка работа, се мисли од ментален аспект. Дали Владата на Република Македонија не ја манипулира јавноста. Сигурно дека ја манипулира одложувајќи го носењето на овој закон од година во година. Ние сме сведоци на изјавите на претседателот на Владата и на министерот за финансии. Се га се става во процедура и нормално ќе се одложува до новите избори. Типично одлагање под притисок, а воедно користен е како маркетиншки трик. Владата преку решенијата на овој закон сака да ни подметне решенија кои остава да се регулираат со други закони, или некои владини уредби. Зошто овој закон се носи по законот за приватизација? Тоа е така за да можеше да се раскрчми имотот, објектите и се друго што требаше да се врати на сопствениците имот кој требаше да се денационализира. Исто така, заради тоа да се национализира бес пари, не од парите од приватизација, туку парите да се земат од буџетот и да го плаќаат сите граѓани на Република Македонија. Реализација на овој закон да го превземе некоја друга Влада веројатно со друга политичка конфигурација. Какви решенија се нудат со овој нацрт-закон? Се нудат решенија кои не кореспондираат во целост со Уставот и постојната законска регулатива на државата, а се нудат решенија кои влечат корени и од минатиот систем. Што треба да се измени во Нацрт-законот? Сметам дека треба да се ревидира решението кое го третира проблемот со куќите и становите и да се изнајде решение кое ќе ги заштити корисниците на куќите, или становите.

Исто така треба да се направи ревизија на решението каде градежното национализирано, или експроприрано земјиште, се мисли на она до 1968 година и да се вклучи во овој закон. Сега е надвор од овој закон. Корекција на роковите кои се предложени за обесштетување во

смисла на нивно скратување. Максимално да се остварува враќање на имот, а што помалку плаќање надомест со обврзници.

Господа пратеници, фактички со законот за приватизација и неговото спроведување и со овој нацрт-закон Владата на СДСМ ја спроведува втората национализација. Сега за разлика од минатото фабриките, дуќаните, куќите и другите објекти преминаа во рацете на новите газди, додека за вистинските сопственици ќе останат трошки кои ќе ги собираат 30-тина години. Господо пратеници, правото на сопственост во демократските општества е свето право. Дали тоа право со овој нацрт-закон се штити? Јас мислам, не.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, денешново продолжение на седницата на Собранието на Република Македонија многу селани и граѓани и нашата Македонска православна црква на кои пред половина век со разни закони за изградба на стариот систем им беа одземени нивните имоти, како што се земјоделско земјиште, шуми и пасишта, селски утрини, воденици, куќи, дуќани, вредни предмети од сребро и злато и чисто сребро и злато ја очекуваат со нетрпение и посебно внимание. А ние денес н еможеме да собереме ниту кворум за продолжување на оваа седница. Реков дека овие граѓани на кои што им се одземени имотите ја очекуваат со посебно внимание оваа седница. Се знае зошто. Затоа што денес на оваа седница на Републичкото собрание по две години од првата расправа за потребата од донесување на закон за враќање на грабнатите имоти и тогаш и сега крстен како Закон за денационализација го разгледуваме Нацрт законот за враќање на овие имоти. Водиме расправа за закон со кој како, така треба да се исправат големите неправди и да се ублажат болките и траумите на овие жртви

за социјализмот со чии имоти земени со сила, со ќотек и зандански казни се градеше тој систем. Колку овој закон ќе биде мелем за големите рани на страдалниците од аграрната реформа, од законот за национализација, од законот за аграрниот максимум, од законите за арондација и експропријација и другите таканаречени во законот присилни закони, ќе каже времето, ќе кажат годините од новиот век во кој според овој нацрт-закон треба да се почне со враќање на одземените имоти, или исплата на надоместок во пари за тие имоти.

Господа пратеници пред да ги кажам моите забелешки по Нацрт-законот за денационализација, сакам да ги прашам претставниците на Владата зошто во овој нацрт закон е изоставено враќањето на одземените имоти на Македонската православна црква и дали бројките за одземените имоти што се поместени во образложението на овој закон, станува збор за одземени 74000 хектари земјоделско земјиште, пасишта, утрини и шуми и 34000 хектари одземена земја со законите за арондација и експропријација и одземените 98 коњи, 228 волови, 258 згради, или 120 трактори и тн. се бројки од зачувани документи од овие неправди, или пак тоа се бројки од акцијата што се водеше за пријавување на овие имоти што траеше минатата година.

Господо, прашањето зошто во Нацрт-законот за денационализација покрај другото не се предвидува и враќање на одземените имоти на МПЦ го поставувам од следнава причина. Пред една година јас поднесов предлог за донесување на закон за враќање на имотот на МПЦ, се разбира одземен со таканаречените присилни закони. Во врска со овој предлог Собранието на Република Македонија на 19 февруари донесе заклучок враќањето на одземените имоти на МПЦ и другите верски

заедници да биде регулирано во рамките на законот за денационализација што денес го разгледуваме, односно како што ќе се враќаат имотите на физичките лица, на селаните и другите граѓани, така да се вратат имотите и на МПЦ и другите верски заедници. Дали нашава Влада ја има заборавено оваа парламентарна препорака, или пак не сака да ја прифати, тоа е друго прашање. Токму затоа заради непочитување на овој собраниски заклучок јас денес повторно ќе го активирам мојот предлог за донесување на закон за враќање на имотот на МПЦ и другите верски заедници. Инаку како што знаете сите, овој заклучок доби поддршка од .60-тина пратеници. Се надевам дека таа поддршка, со господ напред, пак ќе ја добие овој предлог - закон за враќање на имотот на МПЦ, односно црквеното да биде црквено.

Почитувани колеги пратеници, донесувањето на законот за денационализација има посебно значење за системот што го градиме и на неговата изработка Владата и Собранието ан Република Македонија треба да му посветат посебно внимание. Со него како што рекоа многумина пратеници досега треба да се исправат грото од најголемите и најтешки неправди што во периодот во стариот систем му беа нанесени во областа на имотното право на луѓето од селото и градот и на самите села. Со него тие што ќе го дочекаат влегувањето во сила на овој закон, или нивните деца, внуци и паравнуци Треба да си го вратат во своина она што им беше одземено пред повеќе од половина век. Со законот за денационализација овие страдалници од социјализмот треба да најдат заштита за исправање на направените неправди, а на урнатините од стариот систем темелите и диреците на новиот систем да бидат трајни и сигурни. Приватизацијата мора да се одвива во духот на правдата која во душата на македонецот, како што знаете сите има длабоки корени. Она

III/9.-

што од приватно пред половина век со разни репресии стана државно, сега мора со овој закон пак да биде приватно, да им се врати на сопствениците од кои што беше одземено. Одземените имоти со било кои присилни закони не треба да одат во рацете на газдите што се раѓаат со самата приватизација на државниот капитал.

IV/1.-ПЈ/ОМ

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (Продолжение)

Дали станува збор за земјоделско земјиште, шума, утрини, пасишта, градежно земјиште, воденици, мелници и разните фабрики се одземени со овие закони. Со законот за кој расправаме денес, со законот за денационализација, треба да му се врати или пак плати на тие на кои им припаѓаше, а му се одзело заради тоа што беше приватно или му беше многу како приватно или пак како приватен капитал се сметаше за кочница на тогашните мерки за изградба на стариот систем.

Господо пратеници, во далечната 1948 година кога на мојот дедо и другите му беше грабнато стадото со овци, за да прават државна фарма во земската ергела во Гнотино , за неговите потреби му оставија само 30 овци и 30 машки јагниња. А колку му зедоа нему и на другите сточари знаат само тие што ги извршуваа наредбите за грабање на имотите. Тие што 3 овци, 3 говеда или 3 коњи ги броеле, а еден ги пишувале. На еден од многуте страдалници му се грабнати 312 златници со петли, а тој кутриот се потпишал на потврда за нивното земање дека му се одзеле едноставно само 20 златници. Морал со стап ги кашал каде биле скриени и со стап потпишал таква потврда.

Инаку, моите забелешки по нацрт законот за денационализацијата се однесуваат за враќање на одземените имоти на селаните, на заедничките имоти на селата и на одземените имоти на Македонската православна црква, која што како што реков предмалку е исклучена од овој закон. Како што е познато во времето на стариот систем неправдите на селаните, селата и Македонската православна црква му се нанесени со неколку поважни закони со кои се грабаше нивниот имот. Со законот за аграрна реформа, законот за национализација, со законот за

аграрниот максимум и со законот за колективизација, а да не ги спомнуваме законите за арондација и експропријација. Со овие на селаните и селата им се одземени над сто иљади хектари земјоделско земјиште, шуми, утрини и пасишта. Колку вакви имоти се грабнати од Македонската православна црква сега засега не се знае. Не се знае ни тоа колку земја државата доби на име на поклон од селаните, поклон заради остварување на право на детски додаток или откажување од земјата заради слабиот приход и високите давачки , со кои се товараа селаните за полнење на државниот Буџет во стара Македонија.

Инаку, за судбината на одземените имоти, земјоделско земјиште, шуми и пасишта и утрини што да се каже? Земјоделското земјиште е одземено од едни селани и доделено на други селани. А шумите, пасиштата и утрините, било тоа да биле од селаните и селата им се доделени на земјоделските задруги, стопанства и комбинати. Враќањето на овие имоти што се регулира во член 21 од нацрт законот за денационализација е завиено во нејаснотии и големи дилеми. Имено , во овој член се вели: "Земјоделското земјиште, шуми, шумско земјиште, пасишта и утрини се враќаат во сопственост". Како? Како ќе се врати земјата што е одземена со аграрната реформа од еден селанец и доделена на друг селанец. Ако се земе од новиот и да се врати на стариот сопственик, пак по половина век од првата денационализација, ќе се направи нова' национализација За тоа повеќе зборуваше вчера и г-динот пратеник Соколовски. За ова прашање мора да има појасни решенија. Селаните на кои со закон им е дадена туѓа земја, грабната од други селани не се виновни за тоа. Тие не треба сега да страдаат со овој закон што треба да се донесе.

Натаму, во овој член се вели дека "кога се враќа во сопственост земјоделско земјиште, шуми, шумско земјиште, утрини и пасишта што се

во состав на комплекси", се мисли на имотите што се наоѓаат во земјоделските економии на задругите и комбинатите, "се стекнува право со сопственост врз земјиштето со државата". Со други зборови речено не се дозволува растурање на тие комплекси и враќање на овие имоти на нивните поранешни сопственици. Тогаш, господо како денационализација ќе се прави во аграрот. Дали со оваа, она што од приватно со разни џандарзбирачки закони станало државно и натаму ќе биде државно и со него ќе газдуваат газдите што го создава како што реков самата приватизација.

Господо пратеници, грото од овие земјоделски имоти се одземени со Законот за аграрна реформа и Законот за земјишниот максимум. Со аграрната реформа земјоделското земјиште од еден селанец е земено, доделено на друг селанец. За да не се прават нови неправди, мислам дека на оние селани што ги фати аграрната реформа односно таа аграрна бура од 1945 година, треба да му се додели, се разбира, во висината на одземената земја дел од земјата што ја поседувала порано државата. Ако државата својата земја му ја дала под закуп на задругите и комбинатите, зошто дел од таа земја да не се намени за исправање на неправдите кон селаните.

Законот за земјишниот максимум, како што е познато, беше закон за одземање на вишокот на земја од 10 хектари земјиште од селаните, заради создавање крупни задруги, стопанства и комбинати. За формирање на вакви земјоделски блокови , сега не се дозволува да се растураат и земјата да се врати на нејзините поранешни сопственици. Овие комплекси на задругите и комбинатите се формирани со грабање на декар по декар селска земја. Ако се поведе битка за исправање на неправдите од пресилните закони, тогаш оваа земја така и треба да се

врати. Зошто кај предлагачот на овој закон се забележува страв дека ако се растурат дел од тие комплекси на земја, ќе имаме помалку храна, ќе остане Македонија без леб. Зошто? Зошто ќе остане вратената земја не изорана и не посејана или селаните не знаат како да ја ораат и сејат. Зошто и натаму кон селаните се гледа со други очи. Се нема верба во нив и нивната производна моќ или сила. До кога ќе има различен третман меѓу селаните, задругите и комбинатите. До кога државата ќе биде аз едни мајка, за други маштеја. Нашата иднина за повеќе храна треба да се гледа и во селата и селанството, не само во нашиве комбинати и задруги, кои што со исклучок на два, три комбинати знаеме каде отидоа досега.

Со законите за изградба на социјализмот, покрај селаните на кои им беше одземена земјата настрадаа и селата. На нив им се одземени заедничките имоти, утрините и пасиштата. Овие имоти селата ги купуваа со злато и сребро, а задругите и комбинатите со амин од пресилните закони ги грабнаа бес пари, преку ноќ ги изораа. Своите економии ги дотераа до самите села. Селските буни против овие неправди во тоа време не родија резултати. Им остана само ќотекот и затворските казни. Во Битолско денес нема утрина. Меѓу селата што ги изгубија овие имоти, селото Будаково даваше најголеми отпори. Меѓутоа по затворањето на машкото население задружните трактори ги изораа утрините преку ноќ, дури и патот до селските гробишта. Инаку, разурнувањето на пасиштата и утрините низ селата предизвикаа огромни проблеми. Добитокот отиде на кланица, а луѓето ги напуштија селата. Избегаа во градот или отидоа во туѓина.

IV/5.-

Во нацрт законот за денационализација за прашањето на селските утрини малку е кажано. Се вели дека ќе се вратат, а како и на кој начин ќе се нуди законско решение, не се знае. Повереницените на Владата за овој нацрт закон, на ова прашање даваат чудни одговори. Велат дека овие заеднички имоти нема на кому да му се вратат. Треба да останат во состав на задругите и комбинатите. Како нема на кому да му се вратат? Ќе му се вратат, господо, на селата на кои им припаѓаат до носењето на репресивните закони. За нив не треба да се борат односно да се бараат заеднички тапии, туку треба веднаш да се вратат. Постоти мислење дека ако не се вратат, ќе се вратат со сила како што се зеле со сила.

Во нацрт законот за денационализација прашањето со изгубените имоти во пресилната колективизација на македонското село и пресилните поклони е изоставено. Прашувам зошто. Зошто за изгубените имоти со овие експерименти за социјализирање на селото се молчи. Зошто и од тие имоти не се предмет аз денационализација. Нема евиденција или многу ќе биде за враќање на државата. Зошто селанецот на кого му се одземени 200 грла овци, а растурањето на колективот ја дочека со 10 овци да биде и натаму далеку од правдата што се заговара со донесувањето на овој закон. Во овој закон треба да има место за враќање на поклоните што селаните му ги дадоа на државата. Станува збор за враќање на поклонетото земјоделско земјиште и шумско земјиште. Овие поклони како што е познато се давани за детски додаток, вработување и плаќање на високите даноци кон државата и немањето на можност да се обработува земјата во тоа време. Со грабнувањето на утрините и пасиштата, воловсктие запреги со кои се ораше земјата се преполовија, а државата, како што Ви е познато, до 1965 година не дозволуваше селаните да купуваат трактори. Во една ваква состојба

односно горе високо долу длабоко, излезот се бараше во моделот поклон на земјата на државата. Оваа земја сега е државна и ја работат задругите, комбинатите и земјоделските стопанства или пак стои напуштена. Предлагам и таа да биде предмет за вран^ње на поранешните сопственици.

Во нацрт законот за денационализација е изоставено и враќањето на земјата што се најде на удар на законите за арондација и експропријација. И овие закони, господо, беа присилни и сите имоти што се земни до донесувањето на новите закони за арондација и експропријација треба да се вратат или правилно да се обештетат. по цени што ќе важат од денот ан донесувањето на овој закон, а не како тогаш да се земаат само за едно јајце по квадратен метар. Ако не се врати арондираната земја, со земја што е одземена со аграрната реформа или земјишниот максимум, низ нашиве села иљадници земјоделци ќе останат без земја, не земјоделци. Она што им е дадено за замена на земјата што е влезена во земјоделските блокови на задругите, со законот ќе им се врати на поранешните сопственици и тие сега останувaа сега безземјаши. Некој ќе рече дека ќе му се даде надоместок. не, господо, на земјоделецот не му треба таков надоместок, не му требаат пари. Земјата што со арондација му е земена, треба да му се врати, исто така како што му беше одземена. Туѓе земја не може да се орандира. Или како што велат старите, со туѓа пченица не се дава задуша.

На крајот нешто околу рокот за надоместокот за одземените имоти. Тој , господо, според овој нацрт закон е многу долг. Не може нешто што е земено за еден ден да се враќа 30 години. Сметам дека овој рок треба да биде само 10 години.

Благодарам на вниманието.

IV/7.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, господо колеги и колешки, нема претставници од Министерството . Добро се расправаше многу, а јас сакав неколку работи да изнесам. Некои можеби ќе бидат малку дисонантни од ова што беше општа дикција на целата дискусија, затоа што претполагам дека колегите, главно, сакаат да ги истакнат предностите што овој меѓашен закон, да кажам, за трансформација на општеството сам посебен ги содржи, бидејќи тоа значи еден голем институт за трансформа- ција на општеството од една општествена формација, во друга. Јас, затоа и ја примам таа дискусија во таа смисла, дека беше корисна и позитивна и веројатно ќе придонесе авторите на законот да вградат институти и институции во системот кои што ќе бидат во прилог на сак ната цел. Меѓутоа, мислам дека и по повод на овој закон добро е да се каже дека, укажувајќи на присилноста на мерките кои што се тогаш донесени, не правно гледано присилни закони, нема затоа што сите закони на некој начин присила, но присилните мерки , верувам дека не сакале сите да се ставаат во црна дамка се што се случуваше во ова поднебје за овие 50 изминати години. Верувам дека тоа не беше целта, но во секој случај не е ни на одмет и тоа да се подвлече. За што, барем за овие генерации сега млади и постари, сосема е познато во каква состојба беше Македонија, па и цел Балкан, да кажам во време од 42-те години, а во каква состојба е денес. Ако се направи една таква споредба сите овие лоши институти не демократски и се друго треба да се кажат какви беа, меѓутоа,д а се кажат и што дотогаш , дотаму, до сега е создадено и што е досега, да кажам, во вид на човечка материјална и

секаква друга вредност ова е создадено. Продукт на тоа сме сите ние тука, сеедно колку да сме големи и критични настроени кон тоа што се случуваше. продукти сме ние тука што сме сега и во оваа сала. Па, сакав да кажам дека две работи не би требало да ги поистоветиме со желбата, овој голем институт за трансформација да го најде своето место.

Прво, да не го обезвредиме сето тоа што е постигнато.

Второ, да не рехабилитираме нешто што законот го предвидува како една неминовна можност што е применета во сите земји во светото, по Втората светска воја, а тоа се казнените одредби, кои што се однесвуаа на фашистичките сили. Не може тоа сега да биде во овој закон да го земеме како предмет за рехабилитација на нешто што беше ретроградно, геноцидно и се друго што има цел свет со илјадници, да не кажам, милиони книги веќе докажано. Тргнувајќи од тоа , сакам да тргнам и од една основна теза , која што и министерот, а и самиот закон поаѓа. Желбата е, се кажува овде, со една неправда да не се направи и друга неправда. Сега веќе влегуваме во една друга света на прашањето за кое би морале и како концепт на закон, но и како наш поглед на транзицијата, тоа малку поблиску и да го видиме. Јас, право да Ви кажам , сум за целосно обештетување на бившите сопственици на начин кој е можен и кој може да се идентификува. Меѓутоа, мене ми фалат овде две работи. Министерството кажа дека ги собрало пријавите на бившите сопственици за нивните имоти, дека прави анализа за тоа што се тие пријави и се друго, меѓутоа , не ни даде ниеден вредносен елемент барем за досегашните согледувања во тој поглед. На пример, се кажува дека во тие пријави вредностите кои што се изразени од страна на бившите

сопственици, се баснословни. не за нашите услови, туку и за состојбата во која беа и беше материјално Македонија меѓу 40-тите и 45-те години. Се кажува дека таа вредност изнесува околу 19 ипол милијарди долари. Па, сега јас кажувам дека се кажува, а сакав овде некоја апроксимација од тие вредносни елементи да ги слушнам. Евентуално и да слушнеме процените на министерството какви се за оваа состојба тргнувајќи од податоците во образложението што ни го даде. Имено, за 70-сете или 80-сете иљади хектари земја, за толку градежно земјиште, за толку станови, за толку објекти индустриски и т.н. Но, мислам дека во недостаток на тоа и самиот закон бил принуден да оди во низа свои одредби, во едни алтернативи односно во едни неодредени формулации, кои што и за сопствениците бивши, а и за самото општество односно државата односно оној што треба тоа да го обештетува, врати и т.н., се нечисти и нејасни.

Според тоа, останува проблемот, за што видете, може да се случи овде со овој закон ние да не бидеме свесни дека се работи за спротивности на два интереси. Интересот на бившите и на сегашните сопственици. И ако ме прашате мене, јас викам дека предност имаат бившите сопственици во однос на сегашните. А ако интимно законот во длабочина се погледа и за текстот што се вика , се има намера да се штитат сегашните сопственици на сметка на бившите. Затоа , мислам дека членот 9 и врзан за членот 21, 22 и 23 и 30 , овој мора да се стави во корелација, за да може оваа спротивност на ваков начин да не дојде во пракса експлицитно. Тука е врзано и мислам голем дел од проблемите се врзано за градежно земјиште кои што сега се, дефакто, објекти, дека е тоа изградено, веќе изграден простор.

Уште за две работи, јас лично мислам дека овде, барем еден, условно да кажам, консензус се постигна од сите дискутанти, или бар релативно така мене ми се чини, врзан е за враќање на стамбените згради и становите бивши. Немаше забелешка никој, по моја оценка дека тие станови треба да се вратат односно стамени објекти но немаше никој кој не го оспори правото на тие граѓани како носители на станарско право кое е равно на сопственичко право. Не само во нашите закони, во сите закони станарското право е изедначено сопственичко право. Според тоа, во таа рамка треба да се најде решение, а не во некоја преодна петогодишна и не знам каква ..., бидејќи тоа е мислам тотална неправда. Тотална неправда, не е врзано за тој стан, но со друго стамбено решение. Но, појдовна основа е дека стамбено право е рамно на сопственичко право, барем досега, до овој закон. Со овој закон ќе го регулираме така како што ќе го регулираме.

V/1.- РД-ВБ

**ХИСЕН РАМАДАНИ:** (продолжение)

И на крај следното. Мислам дека органот кој ќе решава по овие предмети е многу важен институт. Сметам дека ќе биде голем товар и за министерот и за Министерството ако остане така како што пишува во законот. Јас предлагам тој да биде комисија или како сакате да ја наречете, но на Владата која на некој начин ќе биде ранета и под Министерството за финансии и ќе ги води сите оперативни, административни, технички, материјални и други работи. Меѓутоа, мислам дека тоа треба да биде Комисија по тежина многу појака од она што Законот го предвидува, па и по број на членови мислам дека треба да биде поголема.

**НАЏИ ПУРДЕ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Ако носењето на овој закон, т.е. нацрт законот за денационализација е под притисок, како што рече еден од претходните дискутанти, од надворешниот фактор, тогаш Владата не може да носи поинаков закон, туку ќе носи ваков што одговара на нејзините интереси, а не на интересите на оштетените граѓани, на тие граѓани кои со пот и тешка работа ја создале својата приватна своина од поколение до поколение. Кога еден правен акт не е добар и дијалектички поврзан со своите внатрешни компоненти излегува несолиден, излегува да подлегне на повторна аналитичка ревизија. Овој закон е доста конфузен, колку што јас можев да го разберам. Исто така е и нејасен на многу места. Во излагањето на г-динот министер Таки Фити се гледа дека не се јасни многу работи во нацрт на законот за денационализација од финансиски аспект, секако во некои точки и ние сите треба да се согласуваме дека нашата земја не е во состојба сега засега да ги покрие сите тие

побарувачки, тие се огромни бројки, како што претходниот дискутант рече неколку милијарди долари итн., но да веруваме да бидат од прилика 2 милијарди долари, а тоа се тешки пари за нашите услови. Но овој Нацрт закон како што рече еден од дискутантите не го одложува решавањето на проблемот. Проблемот е многу сериозен и многу димензионален, како што се нагласува во Нацрт-азконот за денационализација. Јас лично имам впечаток дека овој закон не ја третира суштината на проблемот, туку дава една фасада со многу пукнатини. Тоа ќе се обидам да го објаснам со неколку примери. Вака можеби овие примери што ќе ги дадам ќе изгледаат малку локалистички, меѓутоа, тие примери верувам дека се во многу градови во многу села истоветни.

Јас ќе се задржам малку кратко за национализираниот имотот на верските заедници. Тоа го истакна претходниот дискутант и јас ќе поставам едно вакво прашање. Како законодавецот не предвидел и зошто се прашувам на верските заедници да им се одзема ова право за денационализација, зарем тие не се правни носители на сопственост на својот бивш имот. Јас ќе го поткрепам ова со еден пример. Во 1952 година се прошири плоштадот на град Гостивар. Навистина плоштадот беше многу тесен и треба да се прошири. За проширувањето на тој плоштад се руши таканаречената чаршријска џамија можеби од еден аспект не е толку тежок проблем за рушење на една џамија, затоа што во тоа време, постарите го знаат тоа антиверското расположение беше на ниво и за рушење на една џамија или за една црква не можеше да се направи проблем од страна на народот. Меѓутоа, многу потешко беше рушењето на околу 65 објекти тогашни дуќани, еснафски дуќани што беа околу таа џамија. Така да верската исламска заедница со рушењето на

тие објекти остана без свој главни приходи. Гостиварската исламска заедница живееше само од тие приходи. А за иронијата да биде поголема, џамијата значи се сруши и на нејзиното место се направи убав парк. Но не е добро што наместо рушените дуќани сега во доцните 80-те години се поставија 60 до 70 бараки монтажни или пластични од кои бараки државата доби огромна сума пари. Значи дуќаните се изрушија кои ја имаа истата функција, а бараките ја имаат истата функција а приходите одат во корист на државата, или на општината итн. Интересен е случајот во Тетово со АрабатиТаќе која била сопственост, ја имам документацијата дека таа Арабати баба Теке датира од крајот на XVI век и во документите на историскиот државен архив во Стамбол тоа теќе му припаѓало на дервишкиот ред. Тоа место се национализира и незнам сега каква е состојбата таму. Значи тука со национализација на ваквите објекти е направена двострука штета економска од една страна и на верниците штета од друга страна рушење на џамијата и узурпирање на просториите на Арабати Баба Теќе. Тука се работи и за една друга точка за експропријација на приватното земјиште, градежно земјиште и истото земјиште и доделување на парцели на други лица. Значи тие парцели се одземени а сопствениците на парцелите односно на градежното земјиште се огромно оштетени. Зошто? Од третото лице, првото лице, значи оштетениот не добил, односно добил доста мала надокнада за својот имот. Тука во овој нацрт закон не се предвидува ништо за обештетување на вакви случаи. Големите површини на најплодното земјиште во Гостивар е експроприрано, сакам да речам на северната страна на Гостивар за градење на едно претпријатие "Метална" - Гостивар, кој се изгради како еден гигант и кој ден денес лежи како мртва железна конструкција, а луѓето за своите имоти каде што се изгради тој објект не добија никаква надокнада. За "Силика" исто

така. За Стаклара, за Платнара сите овие објекти се изградени на земјиштето на лицата кој апсолутно, ја сум разговарал, зашто луѓето се интересираат многу за овој нацрт на закон, зашто секој се надева да добие нешто од тоа што изгубил бесправно.

Обештетувањето до 30 години е исто така еден лимит предимензионален кој обезвредува и она што ќе добие тој човек, ако добие некогаш. И лимитот на 100 илјади германски марки исто така е голема штета за некои големи експроприрани земјишта. Бидејќи горе долу законот на сите нас што го читавме изгледаше малку конфузен јас предлагам да се изврши уште една сериозна ревизија на овој закон, каде што ќе се земат предвид сите големи пропусти и корекцијата да биде направена праведна и правно добро да биде направена, да одговара навистина на свој поим кој многу убаво звучи денационализација.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, денеска расправавме за еден закон кој има намера да уреди дел од имотно-правните односи во државата и оттука обилноста во расправата му дава посебно значење на тоа затоа што без да ги решиме имотно-правните односи во земјата, сеуште се наоѓаме во номиналната фаза на остварување на уставниот поредок. Им ветивме на граѓаните дека ќе направиме повеќепартиски систем со темелни вредности кои ги содржи, почнувајќи од преамбулата во членот 8 од Уставот на Република Македонија, па поаѓајќи од членот 7 на Уставниот закон, каде се определивме да донесеме закон за трансформација на општествената сопственост. Тоа во суштина ќе значеше и донесување на закон за денационализација, каде државата ќе го отстапи имотот кој го имал земено од другите сопственици. Се наоѓаме во интерегум ситуација од каде што од првобитниот поредок каде што тргнавме се дефинираше

дека сопственоста е недокажана историската категорија со идеолошки нормативна содржина. Па оттука видовме дека тоа општество не задоволувајќи ги материјалните ни духовните потреби, неминовно само по себе се укина, па оттаму и се докажа дека сопственоста е докажана историска категорија со економски правна содржина. Оттука, денеска ние со носење на законот за денационализација во суштина нема да ги разрешиме имотно - правните односи, туку само ќе решиме дел, за кој дел сакам денеска повторно да прозборам. Времетраењето на донесување на законот мислам дека некои пратеници зборуваа дека доцниме со донесувањето на тој закон, дека Владата идеолошки не се определила да донесе таков закон за да го помине времето во кое живееве и растевме, но во суштина ние сами по себе нудевме своја партиска програма за видување на работите и оправданоста во критиките ќе кажам дека имотно-правни односи во една земја не се решаваат додека политички правниот поредок на земјата не се уреди до крај за да државата биде способна да донесе рационално легални закони кој ќе може докрај да ги спроведе. Па и оттука праведноста во донесувањето на тој закон, ние нели велевме во стариот поредок дека немаме сопственост, дека сопственоста е недокажана историска категорија со идеолошка содржина, но и тогаш стоеја зборовите мое, твое, наше, ваше, па и оттука сега кога расправаме велиме дека овој закон го носиме за да ги заштитиме сегашните сопственици, а не да ја направиме на оние луѓе на кои дефакто им го одземавме имотот. ВО суштина национализацијата како правен инструмент таа содржи два основни модели, а таа е дефакто стопанска мерка која со донесувањето на законот за национализација сакаме да изградиме одреден стопански поредок од една страна, а од друга страна политичко - правна мерка во која посебно значајно е за нас во овој момент, а тоа е дека со Законот за денационализација дефакто го укинуваме законот за национализација и

V/6.-

ги ослободуваме субјективните права на граѓаните, кои со законот за национализација ќе му беа одземени, а тоа е дека граѓаните неограничено можат да имаат право на сопственост над оние сопствености и материјални вредности кои со законот за национализација му беа ограничени. Со тоа дефакто ги спроведуваме темелните вредности на уставниот поредок на РМ што го зацртавме со донесувањето на новиот Устав.

**ТУШЕ ГОШЕВ: (**Продолжение)

Денационализацијата, како правен инструмент е позната во историјата. Не е само својствена за оние општествени поредоци што правевме трансформација од социјалистичко во ново уставно уредување, туку тоа послучајно се случуваше по II Светска војна по донесувањето на Законот за денационализација во Англија, во челичарниците, во Германија и сите капиталистички земји, во зависност од тоа која политичка партија добиваше во Парламентот и во градењето на стратегијата на стопанското однесување, така и ги донесуваа тие прописи.

Денационализацијата, во суштина, значи укинување на национализацијата од една страна. Во нејзиниот материјален поим значи воспоставување право на сопственост на сопствениците од кои била одземена сопственоста од материјалниот поим, а од формално - правен поим е збир на правни институти и институции преку кои треба да се помине за да се врати тоа право на сопственост на првобитните титулари.

Од тука, сметам дека во регулаториот капацитет на законот што е понуден, а тоа е дека не е само Законот за денационализација предвиден со тој закон што го нудиме тука, туку правиме еден широк зафат, еден голем регулаторен капацитет. Почнувајќи од национализацијата, од експропријацијата, комасацијата, арондацијата, од по основ на Законот за здружен труд на владение, на стекнување право на сопственост, па по право на законот за облигации, во давањето на подароци, дали било тоа од идеолошка природа или било под заблуда па завршувајќи на институтот конфискација што значи и како посебно значење. Од тука, објективно се наметнува прашањето дека Законот,

во дадениот момент тој е прешироk е еден сложен закон кој што во себе содржи огромен број постапки, еден огромен број на правни инструменти што во суштина треба да ја задоволат целта што сака самиот закон да ја постигне.

Поаѓајќи од правната дефиниција дека, ако денеска е за расправа законот за денационализација во суштина ние не правиме само укинување на национализацијата, туку правиме обид да повратиме се она што е одземено со сите присилни прописи што ги има донесено РМ во временскиот период од 1947 година се до Законот за здружен труд.

Посебно сакам да нагласам дека национализацијата и експропријацијата се два различни инструменти за кои не треба посебно да се објаснува. Посебно денеска сакам да прозборам за поимот на конфискацијата на имот, бидејќи во самиот наслов на законскиот проект воопшто не му одговара, но како присилен. пропис, како што велите вие за одвраќање на имотот на донесување на казниви дела врз основа на политичко убедување што ги имавме согласно членот 113 и 108 од Кривичниот закон на РМ и поаѓајќи од основниот постулат што, еве, го зацртавме дека ги укинавме сите вербални деликти, а тоа е за мисла никој не треба да се казнува во државава. Во суштина ние ги укинавме сите вербални политички деликти, па и овој деликт го ставаме, расправаме денеска.

За самиот поим на конфискацијата, стои пандан на него а тоа е деконфискацијата, познат во правните системи на многуте земји. И кај нас беше познат во Законот за кривична постапка, во Законот за извршна постапка, поточно во членот 189 и тоа се прави на повеќе

начини. Едниот начин е укинување на правосилната пресуда по вонредни правни средства што ги даваат нашите процесни закони во докажувањето на вината или невината. А, секогаш бидејќи конфискацијата никогаш не била како главна казна, туку како споредна казна за изречено кривично дело, секогаш во укинувањето на самата пресуда и конфискацијата како заштитна мерка или како казна за сторено кривично дело што било само тогаш може да биде предмет на расправа за враќање на тој имот по основ на конфискацијата. Тоа е една работа.

Втора работа, аболицијата и помилувањето, право дадено на претседателот на државата, врз основа на помилување и ослободување од кривичната обврска и кривичното дело сторено по тој основ, може да се бара деконфискацијата на имотот.

Третиот дел, врз основа на извршна постапка, како против извршување, поради неправилно извршување на конфискацијата за да може да си поврати имотот. Но, еве сега и со овој закон за денационализација, јас затоа велам законот е доста сложен и опфаќа материја што во суштина ќе го стави на проба целиот правен поредок што го градевме овие 8 години во врска со спроведувањето на тој законски проект.

Од тука, сакам да кажам дека во самиот регулаторен капацитет на законот што, ние, еве така амбициозно тргнавме да го разрешиме тоа цело прашање, мислам дека ќе имаме огромни и тешки постапки во докажувањето на вината, во докажувањето на фактичката состојба, за да имаме и практична, правилна примена на материјалното право.

Од тука, иако вие во самата управна постапеа предвидувате да биде јасна и несложена, тоа е едностепеност на комисијата и двостепеност на Владата и после, во управна постапка, во управен спор и Врховниот суд, пред него да се разрешат сите проблеми. Сите други проблеми што потекнуваат од пробација, дијаболика или од ѓаволското докажување, како субјект во самиот процес на денационализацијата што вие ќе го предизвикате во докажувањето на формалната постапка или на формалните докази што треба да ги поднесе странката за да биде субјект и да предизвика дејствие пред државните органи, тоа ќе биде еден широк спектар на вонпроцесни спорови што ќе се предизвикаат во-државата. Од една страна ќе имаме процесни спорови во врска со докажувањето на вредноста над половина, под половина во дадениот момент каде во позитивна нумерација вие немате утврдено вредности кога ќе значи тоа зголемување на вредноста над половина или над втора половина. Или, ако одите на тоа дека со подзаконски акти Владата тоа ќе го уреди со прашања ќе се обидеме тоа објективно, секогаш објективно ќе се зборува и за пристрасност на Владата и на Законот за денационализација, како општ правен акт што треба да регулира не одреден број на случаи со исти битни обележја, а не како инструмент само за остварување на даден интерес. Поради тоа секогаш ќе стои отворено прашањето за објективната страна на тој закон што денеска ние сакаме да го донесеме.

Посебно сакам да нагласам дека не треба никогаш да се губи од вид, да се ценат реалните можности на државата, реално да го спроведе тој законски проект. Не знам каков закон да донесеме, да понудиме, во

дадениот момент ако државата не е способна реално да го спроведе, тогаш ќе дојдеме во една несакана постапка, една друга постапка на граѓаните, каде граѓаните од една страна ќе ја изгубат довербата во системот, а до друга страна институциите на системот не ќе можат ефикасно да ја остварат својата улога што ја добиваат со самиот законски проект. Од една страна ќе сметаат дека граѓаните треба да го почитуваат правниот поредок само поради репресијата што може да ги најде, а не преку легитимирањето на правниот поредок, дека тој правен поредок што ние го правиме е праведен за нив и ќе предизвика напредок во нашата држава.

Сега е илузорно да се расправа за секоја потапка што ја нуди законот. Мислам дека и со самата постапка за донесуваше на законскиот проект, секоја постапка, секој дел до законот што ќе предизвика дејствија треба да биде и практично ставен на проверка, за да немаме тесни грла во спроведувањето на самиот закон и законскиот проект да го направиме непродуктивен.

Тука има две работи за кои што Владата треба силно да се заложи, како што веќе и направиле напори да направи, а тоа е дека правилно го избрала времето од кога ние ја конституиравме македонската држава, а посебно правосудната власт, како трета власт, самостојна и независна.

Од друга страна, кога сеуште во РМ го немаме донесено законот за основните сопственички права, каде сопственоста кај нас ќе ја дефинираме по обем и содржина, а носиме закони за уредување на сопственоста и стекнување на титулари на носење на таа сопственост, и

Трета работа, економската способност на нашата држава да ги спроведува тие закони. На тие прашања ако успееме како држава да одговориме, тогаш граѓаните ќе ја стекнат вербата и ќе го поддржуваат тој правен поредок кој ние до денес го градевме.

Благодарам.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господин потпретседателе, драги пратеници, Понудениот нацрт закон за денационализација од страна на Владата колку се сака да биде правичен, да ги опфати сите оштетени било по кој основ, не може во целост да го стори тоа. Меѓутоа, во наредните 2 фази до конечното донесување мора Владата да ги има во предвид сите забелешки, посебно дискусиите на пратениците и разни здруженија кои се за еден реален однос. Јас ќе се задржам кусо само на она што не е опфатено, а по мое мислење треба да биде опфатено во понатамошната фаза. Според член 1 се враќа имотот само од физички лица,што станува со одземениот имот од правни лица, акционери или други друштва што постоеле до тогаш, а имотот им бил одземен, а како акционери биле домашни физички лица.

Според член 7, не се денационализира имот за кое е определен и примен надоместок, симболичен износ на пример во Битола, за рушење на деловни простории, дуќани, во центарот на градот плаќано е по два динари од метар квадратен. Имало лица кои не сакале да ги примат износите, износите биле ставени во банка, а на тој начин се сметало дека определениот износ се исплаќал на оштетените сопственици. Тие пари од некои и никогаш не биле подигнати. Според член 7, не се

денационализира имот посебно земјоделско земјиште на вработени во земјоделски задруги кои го отстапувале земјоделското земјиште на државата без надоместок, поради примање на детски додаток. Да се вратат и незаконско одземените имоти по пат на пријави, или пак да се стави по друга основа. Тој термин е присутен и во катастарските операти при катастарските служби на Собранието. Образложение. Познато е да после 1941 година имаме појава на интензивна миграција од Западна Македонија кон Источните делови. После 1944 година имаме општа интензивна миграција село-град. Тоа беше општа карактеристика, појава во сите републики на тогашна Југославија. Посебно беше интензивна во Војводина, каде се вршеше населување на фамилии од сите граишта на ФНРЈ, на напуштените имоти од протераните Германци. Поради тоа, се јави неопходна потреба да се утврди фактичката сопственост на недвижниот имот. За таа цел Владата на ФНРЈ во Службен лист број 8 од 28 јануари 1948 година издаде наредба за ревизија на катастарот и доведување на катастарските операти во согласност со фактичката состојба на теренот. Значи, не се работеше за наредба промена на сопственост на недвижниот имот, туку да се утврди реалната состојба на теренот поради настанатите миграции. Спротивно на основната намена на наредбата, која требаше да се извршува во седиштето на градските и месните народни одбори, некои користејќи ја непритуснота на сопствениците на имотот кој по било кој основ го напуштиле дотогашното место на живеење, истото го евидентирале било како општествен имот, или други се декларирале самите како сопственици. Најчесто тоа било секретари на тие одбори, а при тоа ширејќи гласини дека имото е национализиран или е одземни, бидејќи е над дозволениот земјишен

максимум. Таквите бројни случаи во катастарските апарати се водат како промени извршени по пат на пријава, со ревизија од 1948 година. На таков начин извршена е незаконска имотна узурпација.

Чинам дека со овој законски акт што го донесуваме мораме да ја исправиме и таа незаконитост.

Добро е владиниот предлог на поранешните сопственици сами да се определат преку каков надоместок ќе го остварат своето право, а државата, во рамките на своите можности, нуди два вида на обврзници,А и Б. Под А, го надоместува одземениот имот 100%, само во вид на друг еквивалент, односно акции, во трансформираните претпријатија во кои државата има свој дел, преку Агенцијата за приватизација и Агенцијата за санација на банките.

Обврзниците Б - во овој случај вредноста на имотот кажано е 40% износот неможе да биде поголем од 100 илјади германски марки би се исплаќало во еднакви работи во наредните 30 години.

Владата, исто така, нуди решение за носителите на станарско право за време од 5 години. После тој период се враќаат на поранешните сопственици.

Државата води грижа за социјално загрозените. Јас мислам дека државата треба на овие станари да им понуди да откупат од државниот станбен фонд под поволни услови, како и што се правеше во овие претходни 2-3 години.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

Има збор г-динот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседавач, дами и господа пратеници,

Најнапред, една процедурална забелешка за присуството на претставникот на предлагачот, односно Владата. Сметам дека во оваа расправа што е пред завршување, се истакнаа од страсна на пратениците многу забелешки и мислења за кои што отсуството на претставникот на Владата јас мислам во најмала рака и на премиерот на Владата, е неопходно по оваков, за кое што сите се согласуваме многу сложен и системски закон.

Тоа е процедуралната забелешка во однос на законот.

Сакам да кажам, како пратеник, на пратеничката група на ЛДП, застапувам определба аз враќање на одземените имоти на сите претходни сопственици и онаму каде што физички, во целина или во делови неможе да се врати одземениот имот или одземената недвижност како имот, да се врши пазарно надоместување ан противвредност на одземениот имот. На овие две суштински определби сметам дека целосно не одговара содржината на нацртот на законот за денационализација.

Најнапред, со овој закон не се опфатени сите претходни сопственици на кои им е одземена недвижност, односно имот. Како што стои во самиот закон, неговиот член .6, каде што е предвидува што не е предмет на денационализацијата, се регулира дека, ќе потсетам на првата фаза од предлогот за донесување на законот за денационализација, каде беше опфатен одземениот имот по прописи на експропријација во овој закон, во втората фаза на донесувањето на законот за денационализација, како нацрт, најголемата структура на претходните сопственици чиј што имот е одземен преку прописите што ја

регулираат постапката на експропријацијата со овој нацрт на закон се иземаат од регулирање на нивните права на враќање на одземената недвижност, односно имот.

Исто така, во оваа насока многу честите случаи на национализирање на градежното земјиште исто така не се предмет на регулирање на правата на тие претходни сопственици на одземен имот по пат на национализирање на градежното земјиште во градежните реони. Тоа се урбанистичките реони на сега постојните градови, односно општини.

**ПАНЧО МИНОВ: (**продолжение)

Не е за занемарување и онаа структура на претходни сопственици на кои им е одземен имотот како земјоделско земјиште по пат на арондацијата и комасацијата на земјоделско земјиште во така нареченото формирање на комплекси на земјоделски земјишта. Уште повеќе одредбата од членот 7 која предвидува дека предмет на денационализација нема да претставуваат одземање на оние имоти за кои е определен и исплатен надоместок. Мислам дека е апсурдна и не кореспондира со суштината на законот односно на враќање на одземениот имот или надоместување, ако тоа физички не е можно на претходните сопственици за одземени недвижности односно имот. Зошто? Затоа што голем е бројот на случаевите да не речам и најголем број на случаеви кога и те како има идеологизираност на законските решенија, пред се од законот за експропријација каде под формата на урбанизација и прогласуваше на општ интерес се одземаше голем број на имоти и градежни земјишта и земјоделски земјишната каде што претходните сопственици без постапка им беше одземен имотот, дали градежно земјиште или земјоделско земјиште, а за истото, дали во таа постапка која се водеше без учество на субјектот, претходниот сопственик, не беше надоместувано пазарно на претходниот сопственик односно се практикуваше една идеологизирана форма на институтот правичен надоместок кој поради неговата симболичност и непазарност во износот на вредност, многу од претходните сопственици и го откажуваат. Сметам дека со овие примери на неопфаќање во предметот за денационализација на претходните сопственици на кои им е одземен имотот по основ на експропријација или национализација на градежно земјиште, најголемиот број на претходни сопственици на одземен имот ќе биде надвор од уредувањето на односите, односно на нивните права на кои што им е одземен нивниот претходен имот а со самото тоа и овој закон нема да одговори на својата основна цел, на сите граѓани на кои

VII/2.-

како претходни сопственици им е одземен имот, се исправи таа најголема неправда и тоа нивно оштетување со решенијата од овој закон да се изврши нивно правично обесштетување.

Понатаму решението во законот кој предвидува решенија за наследниците од втор наследен ред на кои ќе им се врати имотот или ќе им се надомести во противвредност на одземената недвижност или имот, да плаќаат данок на промет за вратениот имот или за примениот надоместок, сметам дека е нелогично и неиздржливо. Не држи објаснувањето на предлагачот дека за тоа има закон за наследство каде е предвидено плаќање на данок на промет за наследниците од втор наследен ред. Тоа отвора многу други прашања, како што е прашањето на непризнавање на правото на обична штета и правото на надомест за изгубена добит објаснувањето фактички дека за тоа треба да се плати данок фактички значи, со обесштетувањето и со правичноста на враќањето на имотот или надоместокот во постапката за денационализација, повторно се создаваат обврски за наследниците на сопствениците на кои како. сопственици со присилните идеологизирани закони им е одземен данокот. Сметам дека одредбата во која е предвидено ваквите наследници се ослободуваат од судски такси, да важи да се ослободуваат и од данокот на промет на недвижноста или надоместокот кој како враќање на одземениот имот на нивните родители или прародители со овој закон се врши.

Во делот на второто поглавје кој го регулира значењето на сопственоста сметам дека има неколку решенија кои значат неуставност во делот на повторно нарушување уставното право на заштита на сопственост. Во овој закон се даваат решенија за враќање на земјоделското земјиште кое се наоѓа во комплекси, таквите претходни сопственици или нивните наследници да стануваат со сопственици со државата која што е титулар на сопственоста на другиот дел од земјоделско земјиште кое се наоѓа во комплекси. Со закон фактички се

врши неуставно ограничување на неприкосновеното право на сопствсвеноста е сопственост и неможе со закон да се ограничува таквата сопственодт, по сила на закон автоматски да премине во сосопственост заедно со државата. Во тој правец истото важи и за враќањето и за шуми и за шумски земјишта. Така да се предвидува да не се ограничува правото на сопственост на ваквите наследници на кои поради нивните претходници од фамилиите им се врака имотот, со закон да не им се ограничува правото на сопственост и автоматски по законот да им се предвидува со сопственост со државата чие земјоделско или шумско земјиште се наоѓа во земјоделски или шумски комплекси.

Исто така ограничувањето на правото на сопственост претставува и решението за враќање на становите и станбените згради. Решението по автоматизам на законот се нивната сопственост на становите, а ние како пратеничка група се залагаме за враќање на сопственоста на претходните сопственици, без ограничување и за сите. Ова решение таа сопственост по сила на законот, по автоматизам преминува во договор за користење помеѓу претходниот сопственик или неговиот наследник на кои им се враќа станот и корисникот на станот во рокот од пет години, мислам дека е едно фраглантно кршење на правото на сопственост заштитено по уставот и значи ограничување на тоа право по овој, така да го речам специјален закон за денационализација.

Не би коментирал што значи обезбедувањето на сместувањето односно решавањето на станбените прашања, на структурата на граѓани кои се примачи на социјална помош, кое што се одлага освен овој период од пет години и постои како право да се уреди со уредба на Владата, мислам дека ќе предизвика една несигурност, прво за тоа после пет години дали истите ќе претставуваат категорија на корисници на социјална сигурност и кои ќе бидат условите, таквите лица, по таа уредба да ги исполнат условите и правото што заради враќање на станот или станбениот објект на претходниот сопственик ќе останат без решавање.

Мислам дека тоа решение е само купување на време, одлагање на вистинското решавање на прашањето за сместување за сегашните корисници на становите на кои становите ќе им бидат вратени на нивните претходни сопственици. Не држи и нема логичност предлагачот во образложението да се повикува на тоа дека тоа е во согласност со можностите на државата. За државата е ирелевантна и не зависи од нејзините финансиско материјални можности дали по било кој основ на присилен пропис одземен имот што е сега под користење дали на физичко или на правно лице, ке биде корисник претходниот корисник, или со одредено правно дело или на друг начин извршен пренос на тој објект кој е претходно одземен од сопственикот и кој сега го користи дали физичко или правно лице. Сметам дека во најголем број случаи фактички се врши пренос од сегашните корисници на деловен станбен објект, во смисла на физички лица или за правни лица каде што деловна имотот, недвижности на одредено правно лице кај кое што е извршена трансформација или не е извршена, фактички само титуларот на сопственост се утврдува на оној на кој претходно му е одземен. Никаква улога, никакви издатоци и независност од финансиската состојба на државата, во конкретните случаи нема и за тоа за интерес на правичноста е доследност на критериумот на враќање на одземениот имот на сите претходни сопственици, а било какво повикување и ограничување на таа сопственост, дали со сопственост во случаевите на враќање на земјоделско и шумско земјиште, дали по сила на законот претварање и условување на оној на кој му се враќа станбениот и деловниот простор, тие да се трансформираат во некој договор за користење од пет години. Значи пак едно ограничување на сопственоста не држат, не се аргументирани и не се во согласност со уставот и инсистирам на една доследност во делот на враќање на сопственоста на сите на кои им е одземено.

Исто така во делот од правните лица, во делот на враќање на недвижност што сега е составен дел на некое правно лице, ако нема извршено трансформација, за тоа дали ќе им се врати имотот зависи од тоа, дали тоа не ја нарушува некоја градежна и техничка и технолошка целина. Тоа е така начелно поставено и уредено што фактички значи една голема дискреционост на Министерството за финансии односно на комисијата за денационализација, во нејзиното дискреционо и со голем простор на нерегулираност на тоа кои се тие услови кога тоа значи нарушување на градежната, техничката и технолошката целина, да претпоставува големи можности за таквите имоти во таквите претпријатија, фактички да не бидат вратени.

Исто така, дури и чудно е решението во законот, ако претпријатието е во стечај да не може имотот на претходните сопственици во таквите претпријатија да се враќа, а познато е во правото дека има изричито право на оној кој што е претходен сопственик и од стечајната маса може да го постави тоа издашно барање тој имот да не биде третиран во активата на стечајната маса.

Има една категорија на претходни сопственици кои не по сила на идеологизирани или по сила на присилни прописи им е одземен имотот, туку по сила на состојбата во која се нашле, биле принудени да ги напуштат своите имоти. Тие се претходни сопственици, посебно, од регионите на ниско планинските предели кои заради одредени инфраструктурни објекти да речеме изградба на акумулации, на електроинсталации и други состојби на оптоварување во тогашниот период на нивните имоти со даноци, во еден период на индустријализација и механички прилив од село во град, кога по принуда на состојбите, кога и се водела и таква економска и социјална политика преминувале во тој механички прилив од село во град го оставиле својот имот односно се откажале од истиот заради сместување во градот, за детски додатоци, стекнување право на пензија итн. Сега илузорно тие

како претходни сопственици да не бидат опфатени со овој закон, бидејќи целокупната тенденција и ова што се прави е за поттикнување на развој на неразвиените подрачја дека е природно тие претходни сопственици имаат право или имаат приоритет да го повратат тоа земјиште дали е земјоделско или шумско, во своја сопственост, заради, еве, и решавање на проблемот со обработување во тие ридско-планински региони.

Сметам дека со овие забелешки во делот на целовитоста на опфатот на сите претходни сопственици, предлагачот во наредниот период, ако сака да одговори на основната цел со овој закон да не бидат голем број на претходни сопственици на кој им е одземен имотот, ставени надвор од уредувањето на нивните права за враќање на имотот, дека обавезно треба да ги предвиди претходните сопственици по основ на експропривен имот, по основ на национализација на градежно земјиште, по основ на откажување од присила на својот имот биле принудени да го откажат истиот за земјоделското земјиште во делот на она што значи создавање на земјоделски или шумски комплекси, биле откажувани по институтите комасација и арондација.

Второто, прашање на кое треба да одговори овој закон е во делот на надоместокот, таму каде што не може физички во целина или во делови да се врати. Ова решение што е сега фактички со него пазарно не се надоместува. Со него дури не се надоместува ни парично. Се надоместува во обврзници, во хартии. Тоа фактички е една форма на одлагање на законот, бидејќи исплатата на овие обврзници се обврзува до 2000 година, исплатата на овие обврзници се оддолжува на 30 години, а 50 години се чека овој закон. Замислете сега, кога отплатата би се вршела во период од 30 години, тоа е период од 80 до 90 години, па фактички ќе се девалвира и ке се разводни целокупната што сака да се постигне со отплатата на правото на надомест за одземен имот, да се изврши онаа правичност за одземање на имотот на граѓаните по сила на идеологизирани или присилни прописи.

VII/7.-

Серија а), серија б) .

Мислам дека е неадекватно решение, она што значи во приоритет за серијата а) да биде во некоја замена на еквивалентна сопственост, ние сите сме свесни дека она што значат акции и удели на Агенцијата за трансформација или пак она што значи акции и удели на агенција за санација на банките се неатрактивни и дека нема да бидат предизвик за граѓаните на кој им е одземен имотот а се надоместуваат по овој основ да бидат ете корисници на тие акции или удели а она што е па најатрактивно по овој закон не го регулира. Алинејата во овој член кој што значи еквивалент на сопственост за надоместување по обврзниците од серијата а) да може да се купи имот кој е на продажба на државата не го дефинира ако вели дека државата односно предлагачот предвиди таков имот на државата дека можат да се купат со обврзници. Треба да постои децидно утврдување кој е тој имот на државата кој што може со овие обврзници од серијата а) да се купи. И тоа да биде атрактивност на имот, односно деловен простор, станбен простор,итн.,за да можат навистина или земјиште со кој располага државата односно Република Македонија, така да не стои начелно во законот дека може да се користи за тоа, за што се предвиди и пак една неуреденост на односите или пак да може со таквите обврзници да граѓаните да можат да плаќаат даноци, царини, итн., пак што не би значело некој терет на државата.

Сметам дека овие решенија од обврзниците од серијата б) кој што значат лимитирање на противвредноста до 60% од утврдениот надомест на граѓаните на кои им е одземен имотот дека не е уставна работа и дека со првата постапка на оценување на уставноста и законитоста уставно ќе падне се прогласи за неуставно. Тука не треба да има неограничување. Прво од утврдениот износ на тие обврзници да се признава право на 60% на надоместување, прво е тоа неуставно и второ да се лимитира горната граница од 100 илјади ДМ, против вредност во динари е исто така неуставно и треба на граѓаните не кој им е одземен имотот, по она наше генерално застапуваат.

**ПАНЧО МИНОВ:** (продолжение)

И едно прашање во делот на постапката, што мислам дека ќе биде многу битно. Во членовите 47 и 58 се регулира прашањето за граѓаните кои не можат да презентираат ниту акт за одземање на имотот, ниту документ за сопственост. Таквите случаи ќе ги третира комисијата за денационализација и ако таквите документи се наоѓаат кај други лица или кај друг орган, тие ќе ги обезбедат по службена должност. Додека тоа е вред и под претпоставка дека се работи за голем број години, многу документи во делот на одземањето на имотот или во делот на докажување на сопственоста се исчезнати или уништени, добро е да се доуреди тој член во делот на постапката по службена должност комисијата за денационализацијата во архивските документи да им се стави во служба на таквите граѓани на кои им е одземен имот за пронаоѓање на тие документи, посебно во делот на актите за одземање на имот.

Ова инсистирање на доуредување на ова прашање, што претпоставувам дека ќе биде доста голем проблем, е во несогласност со членот 58, кои предвидува во вакви случаи комисијата да одредува рок на таквите баратели, во одреден рок да поведат парница за обезбедување на документи, кои после тој рок ако не ги обезбедат негативно да им го решат нивното барање. Сметам дека тоа треба да се усогласи со членот 47, во кој треба да се доуреди постапката за пронаоѓање на такви документи и после тоа да се даде, ако е неуспешна таа постапка по службена должност за изнаоѓање на актите на одземање и на документите за сопственост таму каде што се исчезнати или изгубени, во тој случај да се даде рок кој што ќе значи во парница во одреден рок по судска постапка истите да се обезбедат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Никола Поповски.

VIII/2

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги и повереници на Владата, ова е еден од контроверзните закони не заради тоа што самите решенија се повеќе или помалку спорни и проблематични и точни или неточни, меѓутоа, контроверзен е поради фактот дека овој парламент и оваа држава веќе 6 години е во процедура да го донесе се уште не може да ја заврши процедурата. Како стојат работите сега, очигледно дека и седмата година од процедурата на законот нема да ни гине. Ако убаво се сеќавате, првпат Парламентот го зацрта законот 1991 година како неопходен за донесување и еве до 1997 година стигна до втората фаза. Мене ми е жал што од Владата не слушнавме динамика на негово донесување до планиран период. Меѓутоа, веднаш да кажам дека веројатно и Владата се наоѓа во незавидна или можеби во специфична ситуација да не може децидно да се изјасни за динамиката на донесувањето на законот, затоа што тој еве и од дискусиите гледаме, ќе предизвикува реагирања, веројатно и пред се со негативен предзнак и веројатно од сите страни.

Еве, во самата расправа станува очигледно дека и оние на кои ќе им се враќа имотот и оние на кои евентуално ќе им се одземе по повод денационализацијата некое право кое го уживале до сега, и државата и позицијата и опозицијата сите ќе останат релативно незадоволни од процесот на денационализацијата.

Меѓутоа, она што мислам дека кај Владата во вакви услови мораше да преовладува и во овој случај не случајно потенцирам Владата а не потенцирам претставниците на Владата, затоа што мислам дека надлежниот министер кој е претставник на Владата по овој закон е чекор понапред од она што досега го слушавме и гледавме од Владата во целина по своите размислувања за целината на овој процес. Како ова да го илустрирам односно аргументирам, се разбира со мое видување на работите, а тоа следново: Владата во периодот на претходниот министер за финансии излезе со првата фаза на законот, се сеќавате убаво дека бевме замолени да го гласаме законот, со што во тој момент оценив дека Владата има проценка дека треба да го замоли Парламентот односно ја префрли топката кај Парламентот како

евентуално можна кочница во целата процедура. Напротив, Парламентот топката ја врати многу брзо, со едни многу порадикални размислувања. Во меѓувреме од Владата добивме изјави за кои морам да кажам дека мене како пратеник длабоко ме разочараа и јас ќе посочам една од бројните изјави дадени во 1996 година. На пример, една од изјавите дадена во дневниот весник "Дневник" на 30 јули 1996 година, значи пред 15-тина месеци од тогашен министер која гласи:

"По повод барањето за враќање на имот кој го користи армијата" - цитирана изјава која до денес не е негирана - "во министерството немаме направено некоја посериозна анализа за можните побарувања на граѓаните" - и кај мене се уште стои оценката дека во министерството, а веројатно тоа е случај и со бројни други министерства, нема направена посериозна анализа. Тоа упатува дека има малку несериозна анализа. Понатаму продолжува изјавата: "Криволак е државен интерес на земјата", се подразбира на Република Македонија, "единствено за што може да се разговара" - "единствено" што мислам дека е прилично упатувачка изјава и дадена со извесна доза на ароганција на власта , "единствено за што може да се разговара", значи не единствено за што ќе се разговара, туку за што може да се разговара и тоа упатува на можно решение - "но дури по донесувањето на законот е изнаоѓање на некоја варијанта на обезштетување. Значи, не е единствена солуција обесштетување туку ем изнаоѓање, ем на некоја варијанта. Значи, тоа беше една позиција на Владата на времето, за која сега можам соодветно да изјавам дека е надмината со предлогот од министерството односно од Владата и од претставникот, министерот за финансии со еден цврст став на Владата за процесот на денационализација меѓутоа се уште временски недоволно цврсто детерминиран.

Ценам дека дури после 15 месеци со овој закон оваа изјава која за мене останува актуелна е надмината во спротивна насока и затоа сметам на ова што го реков дека министерот кој е претставник на Владата во овој момент во афирмативна смисла ја влече работата понапред во однос на она што можеме да го насетиме интуитивно во целината на Владата за динамиката на донесувањето на законот и за можните решенија.

Ова ќе го илустрирам со уште едно сознание, а тоа фактот дека е несомнено дека втората фаза на законот од Предлогот за донесување законот односно од првата фаза односно се направени сериозни обиди некои од укажувањата дека предлогот за донесување на закон беше премногу рестриктивен имајќи ја предвид економската и социјалната издржаност, веројатно не е кажано но следи кажаното дека од економската и социјалната издржливост на законот произлегува и соодветната политичка издржливост на законот. На пример, едно од решенијата кои одат во обратна насока од рестрикцијата од првото решение на законот е дека законот во оваа фаза размислува и за враќање на подвижниот национализиран имот, што првата фаза го исклучуваше. Еден од еклатантните интересни примери е сточниот фонд, кој законот во оваа фаза мисли дека треба да биде исто така предмет на денационализација, со оглед на карактерот на тој фонд, се разбира единствено по пат на обесштетување.

Меѓутоа, соодветните изјави кои ги цитирав од 1996 година во членот 9 сеуште наоѓаат свои одзиви, рецидиви, па така членот 9 упатува дека нема да се враќа во сопственост а ќе се дава надомест за имот кој станал имот односно добро во општа употреба на нашата држава.

Меѓутоа, во точката 4 за разлика од сите останати општи добра во Република Македонија, посебно ги издвојувам потребите на одбраната и безбедноста на Република Македонија. Навистина е потребно образложение зошто овие две се оттргнати од став 1 точка 1 од Законот како поим кој опфаќа се. Мислам дека тоа е во насока на оваа претходна изјава која се уште провејува низ Владата.

Од ова што се случува досега со законот можам да констатирам дека во Република Македонија, општо земено и во Парламентот и во Владата и пред се во јавноста, во оној дел од јавноста кој е заинтересиран се разбира од било која страна за законот за денационализација се шири предметот и желбите и интересите кон погорни нивоа. Ако се сеќавате од фаза во фаза на гледање на законот, секое решение кое се доближува поблиску до член 1, кој вели - "враќање на сопственост односно давање на надомест" - како се доближуваме се повеќе се напуштаат старите позиции дека ако се освои уште некое скалило ќе биде добро, а се прејудицира дека ќе се оди погоре и

погоре. Мислам дека се во право луѓето кои тоа го разгледуваа така, затоа што членот 1, имаше различни видувања се разбира, мислам дека е добро конструиран, меѓутоа, членот 1 не наоѓа соодветна разработка во законот односно вели враќање во сопственост или давање на надомест за имот. Законот во целата своја филозофија надолу во бројни постапки упатува на тоа дека се упатува на делумен надомест, што не го следи член 1 каде што вели надомест. Значи има институт на делумен надомест, некои од нив се овие надомести со Б акциите кои имаат апсолутен лимит, имаат релативен лимит итн.

Иако неможам до крај да се согласам во овој момент, меѓутоа, морам да истакнам дека во расправата која се слушаше во овој случај не во Парламентот но во другите институции, имавме можност да слушнеме една интересна изјава дека законот го промовира и понатаму принципот кој во Македонија се уште може да најде терет на важност, а тоа е принцип на таканаречен "диктат на должникот" односно во сите процеси да е заштитен оној кој должи а не оној кој побарува свој имот. Па така, во овој случај ако државата ја землеме како должник во процесот на денационализација, а физички лица како побарувачи мислам дека законот оди во насока на диктат на должникот како ќе го извршува својот долг кон доверителот, и се разбира тоа се оправдува со нивото на социјална, економска, а јас би рекол и додавам и политичка издржливост. Мислам дека се уште има место законот балансот меѓу ова да го пронајде на повисоко ниво во корист на оние кои побаруваат имот.

Од тоа како законот го третира враќањето на имотот и надоместот мислам дека изјавата на г-динот тогашен министер за финансии Јане Миљовски станува се поактуелно, а тоа е дека Република Македонија ќе се претвори во општа судница во процесот на денационализацијата во која сите ќе бидат незадоволни и ќе бараат судска заштита на процесот и ќе се зголеми бројот на обесправените - иако звучи чудно - обесправените кои ќе се чувствуваат дека со процесот на денационализација се обесправени.

Би сакал да кажам и неколку забелешки по членовите, со оглед дека е фаза во која и таква расправа трпи и исто така да изразам надеж дека нашите стенографски белешки ќе бидат прочитани.

VIII/6

Прво, во членот 35 каде што се упатува на издавање на два вида обврзници од серија, таканаречени серија А и серија Б, вториот став е релативно нејасен и упатува дека обврзниците ќе бидат или од серијата А, корисникот на надоместот ќе ги земат како обврзници или од серијата А или од серијата Б, што мислам дека треба да се дефинира во правец дека е можно и двете, дека е можно до извесно ниво да добие обврзници од серијата А, а преостанатите до износот од член 37,100.000 германски марки и во серија Б. Вака формулиран членот мислам дека упатува на обврзници за кои никој не може да претпостави, меѓутоа, можеме да разговараме дека ќе бидат релативно обезвреднети, печатени хартии. Свесни дека голем дел од имотите ќе одат по принцип на надомест од страна на државата и дека надоместот доминантно ќе оди како серија А, со серијата А јасно е дека ќе можат да се добиваат еквиваленти на сопственост од агенцијата за трансформација на општествениот капитал, од агенцијата за санација на банки, државен имот кој е понуден на продажба, меѓутоа, ако се предвиди плаќање со обврзници, меѓутоа, сосема ни е јасно дека оној имот кој Ќе може ефективно и добро да се продава нема да ја предвидува можноста за продажба со обврзници, затоа што ќе прејудицира решавање на ефикасно собирање на ефективни пари од страна на државата, решавање на платно- билансни позиции во буџетот во државата а не пребивање по пат на обврзници. Што значи дека постои сериозна опасност да се емитуваат обврзници со кои граѓаните ќе поседуваат многу ниска реална или ако сакате пазарна вредност на имотот кој ќе го добиваат во сопственост, или како што често се вели во јавноста, обврзници за фабрики кои неможат да наплатат или продадат вредност на својот производ или услуга од ниту еден денар. Се разбира дека тие обврзници се безвредни.

Мислам дека е многу интересен сам по себе членот 37 и ќе дозволите сосема накратко да елаборирам како јас размислувам за членот 37. За потседтување: "кога надоместот се зема во обврзници Б, во тој случај надоместувањето може да биде во висина од 60% од износот на надоместот, но не повеќе од 100.000 германски марки на денот на исплатата". Да се разбереме 100.000 марки, ако е вака напишано како во членот 37 во суштина не претставува 100.000 германски марки и тоа може на сите многу јасно да ни се предочи до

колку размислуваме дека законот ќе ги исплаќа овие обврзници во наредните 30 години почнувајќи од 2000 година, што значи почнувајќи од донесувањето на законот ќе бидат 32-33 години и дека100.000 германски марки распределени во еден период на исплата два пати годишно во наредните 31 или 32 години апсолутно не претставуваат 100.000 германски марки, затоа што за да претставуваат таква вредност ќе треба да се каматуваат овие 100.000 германски марки, односно ако јас имам 100.000 марки денес и ако имам 100.000 марки 2030 година тоа е сосема чисто и разјаснето дека не претставуваат иста вредност.

IX/1.-CJ/МЛ

**НИК0Ј1А Г.ПОПОВСКИ :** (ПРОДОЈ1ЖЕНИЕ)

Затоа што моите 100 иљјади марки денес скаматени по најниската камата во државава по 30 години или според тој план на амортизација стануваат веројатно повеќе од дупло од 100 иљјади марки. Тоа значи дека законот предвидува 100 иљјади марки во денешна вредност кои распоредени во иднина само номинално ќе бидат 100 иљјади вредност, меѓутоа ние дефакто ќе добиваме дисконтирана вредност на некоја сума претпоставена во законот по некоја дисконтна стапка која ќе се сведе на 100 иљјади марки исплатена денес.

Ако сакаме да ја добиеме сумата исплатена во наредните 30 години тогаш ќе треба обратниот процес, односно процесот на скаматување на овие 100 иљјади марки, да настане, за да можеме навистина да исплатиме она што денеска го плаќаме по 100 иљјади марки.

Мислам дека во законот има на неколку места соодветни, односно по мене несоодветни решенија по кои треба да се размислува.

И, последното по кое сакам да кажам, за кое апсолутно, апсолутно мислам дека не водиме доволно грижа за тоа сите пратеници разговаравме, дискутираа, а тоа е проблемот со оние општествени станови кои не се предмет на откуп или приватизација, а кои паѓаат под удар на денационализација. По владините оценки тоа се некаде над 2000 такви станови. Апсолутно стојам на стојалиштето дека ние не сме во состојба како Собрание, односно како држава да ставараме таква категорија на обесправени луѓе затоа што едноставно не по нивна вина доаѓаат под удар на законот.

Јас размислувам дали е можно така да го изведеме законот имајќи предвид други законски решенија и Устав. Меѓутоа, апсолутно неможејќи во овој момент да навлезам во уставноста, затоа треба

соодветен орган да одлучува, апсолутно ка сосема неправично Парламентот и Владата би се по« 2000 носители на станарско право, со тоа што ќе го решат тој проблем така како што е предвидено во законот, со кириите, со петте години, со враќање во сопственост и со категоријата носители на правото на социјалната помош во соодветниот број на години.

Сметам дека Парламентот и Владата треба да го промовираат принципот на правичност во овој случај, а правичноста е дека на овие луѓе треба да им се обезбеди соодветно станарско право затоа што не по своја вина доаѓаат под удар на законот, а тоа е сосема мал процентуален износ од вкупните луѓе кои биле или сеуште се носители на станарско право по некои застарени закони и сфаќања во оваа држава. Едноставно не гледам оправдување зошто Парламентот во процесот на издвојуваше на средства од разни извори и од буџетски за финансирање на процесот на денационализација не би го дофинансирал и проблемот со овие граѓани, со директно финансирање од страна на државните извори, буџетски или соодветни и преку овие агенции.

Ако се убедуваме себе си дека обврзниците од серијата А ќе бидат вредни обврзници и ќе можат да се оплодуваат на пазарот, тогаш мислам дека и во оваа насока може и со овие граѓани да се решава проблемот како едно од решенијата, на оние фондови на кои се упатуваат носителите на А обврзници. Ако навистина сметаме де- ка тие фондови се реален извор на имот, односно на производ на имотот.

И на крајот да го изразам моето длабоко уверување дека Парламентот ќе донесе соодветен заклучок со кој ќе ја обврзе Владата до крајот на мандатот да го предложи, а Парламентот да го донесе Предлогот на законот за денационализација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Нацртот на законот за денационализација е точка на дневниот ред за кој претходниот дискутант ме потсети дека шест години е во собраниска процедура и истиот уште не е донесен и, не сум убеден дека Собранието на Република Македонија е во состојба да го донесе овој закон. Овој е мошне проблематичен закон и тоа во мошне проблематично време. Доколку се донесе законот за национализација во 1946 година се донесе под други историски услови и беше самиот закон форма додека силата применета тогаш над сопствениците на имотите беше правда.

Денес е многу тешко неговото донесување и потоа применување во практиката. Нема пари во буџетот на Република Македонија и тешко е примена на овој закон, односно тешко е овој закон Собранието на Република Македонија да го донесе. Над 2000 се носители на станарско право, а останати колку ги има обесправени граѓани, прашај го господ колку ги има.

Нацрт-законот за денационализација што е предмет на расправа и вчера и денеска како што може да се заклучи од презентираните дискутанти и расправата што е водена во собраниските комисии побудува големо внимание не само за нас туку со уште поизразен интензитет кај домашната јавност, а секако дека тука најзаинтересирани се поранешните сопственици кои некогаш и на гола кожа ги трпеле последиците од национализацијата и другите форми на одземање на имот од разни присилни прописи.

IX/4.-

Она што ја сакам да го кажам е она што Нацрт-законот не ги задоволува барањата кои неминовно треба да ги исполнува, а тоа се: правичност, рамноправност и крајна објективност. Во однос на категориите кои се предмет на денационализација пасишта, земјоделски површини, згради, станови, деловни простории, движности и слично со овој нацрт-закон многу малку се опфатени и воопшто не се разработени стопанските претпријатија. Се стекнува впечаток дека предлагачот сака да ја елиминира категоријата стопански претпријатија како во однос на основата за стекнување право за денационализација, така и во однос на основата за критериуми за нивни обештетувања. Се поставува фактот дека Република Македонија токму пред десетина години својот економски опстанок и почетоци ги базираше исклучиво на капиталот и имотот на стопанските претпријатија кои беа одземени од тогашните сопственици.

Од горе наведеното се гледа од членот со првата верзија во законот со кој беа опфатени и сопствениците кои под присила ги подарувале стопанските претпријатија. Ова одземање преку изнуден дар не фигурира во сегашната верзија иако поголемиот дел од стопанските претпријатија се одземени на овој начин и тоа пред донесувањето на првиот Закон за национализација на приватните стопански претпријатија во 1946 година. Тогашната власт се одлучувала на ваков вид неодземање, бидејќи производните претпријатија требало да продолжат со истиот континуитет на производството, а носители на производството, технологијата и слично во целост биле сопственици на стопанските претпријатија.

Со вака предложениот Нацрт-закон дискредитирана е голема категорија на сопственици. Интересно е следното. Од член 2 и до член 5 во Нацрт-законот во кој изричито се наброени основите по кои се

стекнува правото на денационализација, а од членовите од 6 до 9 исто така наброени се условите со кои не може да се поднесе барање за денационализација.

И во двата случаи подарувањето со присила не е земено во предвид. Дали за предлагачот тоа е чиста ситуација и овие прашања се конечно разрешени.

Исто така се наметнува и прашањето како ќе се врши проценка на вредноста на стопанските претпријатија не во смисла на висината на обесштетувањето, туку кои параметри ќе се земат во основа на процена на вредноста на стопанските претпријатија. Тоа е толку интересно од причина што до денес во светот не постојат утврдени и признаени методи за проценка на акционерски и делнички друштва, освен преку вредноста на акциите, делниците, презентирани во берзите.

Проблематиката на општествените станови од цитираниот закон се обработува во 18 члена од вкупно што ги има 80. Во предложениот текст каде се повторува дека тоа е едно од најтешките прашања, практично со еден член се може да ни е јасно, доколку во 1946 година на улица извадивме еден дел од граѓаните на Република Македонија, сега истото го правиме со Нацрт-законот за денационализација по 1997 година, доколку овој закон биде усвоен од Собранието на Република Македонија за кого јас лично сонувам дека оваа Влада не ќе може да го донесе овој закон и доколку се донесе ќе треба да излезе на улица друг дел од граѓаните на Република Македонија.

Значи и со првиот закон кога е донесена национализација на имотите на тогашните сопственици имавме маса незадоволници и доколку истиот закон ќе може овој состав на Парламентот и Владата да го донесе по 1997 година, ќе имаме исто така маса незадоволници.

И на крај да заклучам барем, ако не друго, улицата како да ни е поблиска на нашето незадоволство што ќе кулминира со неправдите направени по 1996 година со донесување на законот за денационализација и по 1997 година истата не ќе биде во целост применета и ќе имаме маса незадоволници на улица.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Кадриу.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници, веројатно дека по мое мислење и по ред други претходни дискутанти, ова е еден од најважните закони што се вклопува во интересот на еден голем број граѓани, едновремено и на државата како одговорна за сите овие работи, овие напори што треба да ги прави за да се донесе овој закон.

Суштината на овој закон мислам дека е длабока, бидејќи оваа тема е многу исцрпена, јас нема да навлегува во тоа, но ќе кажам некои други работи што се во интерес на сето тоа што би можело понатаму ако ние успееме да го донесеме овој закон би можело незадоволството да се прошири во таа маса што би било едно големо незадоволство, некои граѓани што ќе се чувствуваат обесправени, без оглед како закон што е предложен, мислам дека е во прва фаза и треба да трпи промени и мислам дека претставниците на Владата и ние како пратеници треба да направиме чекори што побрзо овој закон да се донесе.

Зошто го велам ова? Затоа што некои претходни пратеници рекоа дека и се сомневаат дека ќе се донесе овој закон од причини што неколку пати беше во процедура и од тој аспект не успеавме да го донесеме, на

крајот на краиштата по мое убедување и мислење се работи во која мера нашата држава е демократична и во која мера со овие процеси ќе оди кон демократизирање на сите други процеси што нормално се поврзуваат и со проблемот на денационализација.

Иако сме од последните земји кои не сме го донеле овој закон, значи законот за денационализација, сметам дека во континуитет на решавање на овој проблем треба да направиме што побрзи напори и ефекти за да може најсериозно да се донесе овој закон што би бил еден успех за демократизација на крајот на краиштата и на државата, ако смеам да кажам така.

Сум на мислење дека како чувствителен проблем и веројатно зафаќа во интересот на граѓаните и во интересот на државата, во суштина врз Нацрт-законот треба да има промени и веројатно тие промени горе-доле ќе ги релаксираат интересите на граѓаните кои во одреден период беа оштетени и нормално врз доказите и наведените документи кои ќе ги приложат и врз таа основа ќе се потврдуваат фактичките состојби за нивниот имот и нивниот поранешен имот што го имале исто се сомневаат дека во една голема мера како таков ќе им се возврати и ќе го добијат пак.

Втората работа, по мое убедување е многу важна, е тоа што одделни членови каде децидно се наведува начинот на враќање, односно методот на денационализација со форма под А и под Б, мислам дека предлагачите ќе го имаат во предвид дека една од тие верзии би требало да биде конечна и децидна за да може на крај на краиштата да се има во предвид и самиот заинтересиран во која гру- па или категорија спаѓа.

Исто така, во одредени членови законодавецот предвидува и форми кои веќе тоа не го дозволуваат, по мое убедувањ»е ќе не доведе до одредени незадоволства кои веројатно ќе следат со жалби, поплаки до највисоките инстанци во и надвор од земјата.

Заради тоа сметам дека ако овој закон биде прецизиран и дециден како што треба, помалку ќе имаме такви жалби и поплаки од страна на граѓаните и во овој контекст би можеле што поефикасно и подобро тој закон да се спроведе во практика.

Исто така е чувствителен и веројатно ќе биде проблем понатаму со станбените простори што еден голем број на претходни дискутанти го кажаа тоа и веројатно дека освен сите тие што се на пример опфатени во оваа верзија, сметам дека треба да трпи промена член 22 од овој дел што веројатно еден дел од тие граѓани ќе бидат обесправени ако во конкретниот случај останат без кров над глава, што мислам дека без нивна вина што го спомна некој и од пратениците се судруваат со законот или со донесениот закон.

И последна по мене важна и интересна работа е и можноста и начинот на враќање на имотот на верските заедници што исто така едно долго време тие како носители на тоа право мислат дека дојдено е времето да се врати. Од тој аспект ќе се има во предвид и од страна на предлагачот и од страна на пратениците дека треба овој нацрт- закон да трпи промени. Со тие промени би се регулирал на тој начин што сите тие имоти што треба да се денационализираат од аспект на имотот што треба да ја има и Верската заедница или Римокатоличката црква и сите други верски институции за да можат да го стекнат тоа право бидејќи како држава само така ќе се докажеме дека ние направивме еден чекор напред кон цивилизираниот свет и кон другите држави кои однапред овие форми и методи на оваа денационализација ги решиле со закон и порано.

**ЗЕЌИР КАДРИУ: (**Продолжение)

Значи, за да завршам на крај моето мислење е, без оглед дека во суштината на Законот има многу други работи што треба да се регулираат поинаку, верувам дека предлагачите ќе ги имаат предвид најелементарните работи што во другите верзии, ако оди пак на други две верзии, мислам дека ќе се регулира, за да може законот да биде прилично задоволителен за сите страни, а истовремено и во интерес на државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе,дами и господа пратеници, со голема загриженост ги следам дискусиите и вчера и денес. На некој начин ја познавам материјата и веднаш филмот ми се враќа назад едно време кога беа прогласени одредени лица, еден голем број на лица за воени богаташи, за капиталисти, итн., на кои им се одземаше земјата, кога им се одземаа фабриките, беа на број, да кажеме, икс луѓе, икс фамилии, фабриките се обновуваа, се конструираат, модернизираа, се вработуваше сиромаштијата се оквалификуваа, придонесуваа за општите и општествени потреби на државата, учествуваа во фондовите за неразвиени подрачја на СФРЈ односно на Република Македонија. Сите ние на некој начин земавме стипендии, се школувавме, студиравме итн., имаме голем број на магистри, док- тори по науки и сега мора, затоа што системот ни е таков, почнувајќи од Законот за приватизација и слушајќи се што се зборува дека е општ грабеж, дека капиталот ни е обезвреден итн., мора да го до- несеме овој закон, закон за

денационализација уште поголема, да кажат уште поголема неправда сред народот, а тоа мораме да го сториме. Затоа што немаме апотекарска вага точно како тоа да го направиме, поради тоа што немаме толкаво големо материјално благо, немаме таква акумулација што ќе може да ги покрие сите потреби, што треба да се покријат со овој закон, ќе имаме пак обесправени. Оние што во тоа време добиваа односно градеа, ја градеа оваа земја, сега излегува дека тие пак ќе бидат виновни, ќе останат без како што се бара писмата што ги добивме станарско право итн., во никој случај не би се сложил со такво нешто. Но, едно е битно, ние немаме она што се вика здрава економија, сеуште сме далеку од таа појака материјална база, меѓутоа ги ценам зборовите и се она што го кажа г-динот Туше Гошев, поранешниот министер за правосудство, добар познавач на оваа материја и мислам дека нашиот првен поредок треба да биде пропратен со економски поредок со една здрава економија, за што се е подредено на економијата, ако нема здрава економија, нема спроведување на законот. Ова тешко може да се направи, многу тешко, а тоа значи ќе се задолжиме ние самите себе си и генерациите за 5 години односно на 30 години, може и повеќе, за да после 30,40 или 50 години, а може и порано ако имаме странска акумулација, односно нови средства и тоа неповратни, за жал, да земеме, ама да не ги враќаме, за да можеме да го спроведеме до крај овој закон да биде и едната и другата страна задоволна.

Сигурно, како што имаше и дискусии овде некој си купува време со недонесување на овој закон, а некој божем сака да го донесе за да не купи време, туку дека се спрема. Јас не верувам во тоа. Не верувам, заради тоа што од прилика јас ја знам нашата материјална состојба каква е и до кои граници стоиме. Економската положба на Република Македонија е многу слаба, иако според статистичките извештаи има пораст на индустриското производство за 2 или 3% односно опаѓање за 1

или 2% итн.,итн., меѓутоа, во споредба со едно поранешно време, тоа е далеку помало, јас не сакам такви податоци да спомнувам, но ние сакајќи држава, си ја создадовме државата. Која држава има четири граници, која мора да има војска, мора да има полиција, мора да има дипломатија, парламент, собрание, локални парламенти итн., сите општи општествени потреби, почнувајќи од образование, воспитание, па се до итн.,а сето тоа се алиментира од Буџетот Република Македонија, кој знаеме каков е и колкав е. Па, да ви кажам дека донесувањето кое што е неприкосновено право и обврска на ова Собрание на овој закон да го донесе, сигурно ќе создаде еден револт од незадоволници. Ако во она време кога се одземаат од тие, да кажам, условно воени злосторници, па богаташи, се дава на сиромаштијата кои се повеќе. Тогаш беа тие, ако беа 10, 100 беа тие што земаат. Сега 100 ќе бидат незадоволни, 10 кои што создале фамилии 10, тоа ќе биде 20, ќе бидат задоволни. Тоа значи дека пак ќе создадеме внатрешен револт меѓу нашите граѓани, но што е тоа е, тука сме ние прифативме еден систем што мораше да го прифатиме и мора да биде така, тој е присутен овде. Приватизацијата подразбира, приватизација се и добро е што работиме на овој закон што не можеме веќе 6 години да го донесеме. Дали до крајот на нашиот мандат ќе го донесеме овој закон и дали ќе имаме таква апотекарска вага што ќе може тоа да го направи и дали ни треба апсолутно голем внатрешен мир за да имаме странска акумулација да може, како што тоа се прави, на пример, во Русија и во некои други земји, тоа зависи од нас овде. А не ние кога ќе дојдеме ќе направиме поубаво, овие нечинат и да трчаме по светот, да кажуваме дека ова не чини, само ние сме добри ние кога ќе дојдеме на власт итн.. На Македонија и треба внатрешен мир за да може да среди се лека полека, постапно. Затоа, таму таа буква "А" и буква "Б" стои и за 5 и за 30 години, а може да биде и нешто подолго, да кажеме, за 70,80 или 100 години. Но, ќе има и обврски и побарувања, ќе ги има

тие што бараат и тие што должат. Ќе должи државата, а државата е народот, народот ќе треба да создаде акумулација, односно граѓаните треба да создадат акумулација за да се врати она што е одземено, исправно или неисправно сега велиме дека е исправно. Макар што, во тоа време, незнам како се викаше, и ако во тоа време имаше воени богаташи, сега за чудо, гледаме се создаваат нови богаташи за овие 5,6 или 10 години. Од каде? Па, дури некои ете, на пример според најновите податоци, сите вие следите и штампа и сте во тек за развојот на настаните, на психијатриско посматрање ќе се оди. Според тоа, сигурно некој ќе биде прогласен за будала и .нема да одговара пред никого, а парите отидоа. Тоа значи дека секој поодделно носи во себеси она хому хомулис лупусес, секој гледа нешто повеќе да изеде итн. Сега, кого подјадува, едно време некој подјадуваше од една страна,па овој сега спротивно подјадува од друга страна, така што ни треба она што јас постојано зборувам кога вакви теми се на дневен ред, ни требаат луѓе кои што се многу чисти, а кој ќе ги најде многу чисти, луѓе неподмитливи, како што јас велев Елиот несовци вие знаете вака повозрасните како мене, какви беа тие филмови со Елиот Нес и многу тешко се наоѓаа такви луѓе, од таков сој и тешко е да се дојде до една вистина, за која што ставам рака на срце, многу ќе бидеме задоволни како пратеници, како парламент, како народ како граѓани ако можеме да создадеме ред во оваа држава, во оваа наша држава, затоа што е таа мала држава, која што во според- ба со една Кина, од каде имавме гости пред некој ден, јас бев една мува, тие се еден голем слон. Поради тоа ни треба една голема дисциплина и само почит, само респект пред нас.

Да не ви одземам време, а јас не сакам да кажам точно кои членови, има 5,6 членови кои што се многу ударни и помалку чудни, но

што е тоа е, што е земено треба да се врати и да се најдат такви начини , соодветни начини да бидат задоволни и тие што едно време дале од себеси "доброволно" или по пат на судски одлуки, дали тоа било експропријација, и друго, да не должам понатаму, а дали сега е обратното да може што помалку незадоволни луѓе да имаме, заради тоа што треба да живееме пак заедно во оваа држава. Да не се заборава, заради тоа што министерот кажа дека се изземени верските заедници, не само православната црква, туку и другите верски заедници кои постојат овде, а тоа е муслиманството и со она што тие располагале и другите верски заедници, зашто тоа е нивно право и имаме обврска спрема нив и спрема сите. Да не се запостави една категорија на сиромаштија, а сигурно има таква сиромаштија која што едно време си обезбедуваа станови за себе, па ќе се разведат со жените, станови за жените, па за децата, за внуците итн., па заслужни граѓани во оваа држава итн. Се разбира, има и такви, по земјотресот каква гужва се создаде во Скопје и не е лошо и таму малку да се види што е сето тоа. Зашто, има големи неправди.

Ви благодарам на вниманието и мислам дека ова прашање заслужува една голема сериозност и полагање на испити на зрелост политичка и економска зрелост на овој Парламент, на оваа држава токму од тие два закони за приватната своина односно Законот за приватизација на капиталот и Законот за денационализацијата. Ако ова го спроведеме успешно, во што се сомневам, тогаш ние победивме ние навистина системот го направивме онаков каков што треба да го направиме. Но, никаде нема мед и млеко, грешки ќе има, имало и ќе има понатаму. Да се трудиме да има што помалку грешки. Мислам дека Владата односно ресорниот министер ќе ги земе предвид сите искажувања, па макар што се малку заокружени, како што јас сум малку заобиколен, а некаде само сум директен во некои работи, мислам дека

вредат овие дискусии овде, зашто пред народот ние можеме да бидеме и извикани, како што сме извикувани и за некои работи дека имаме големи плати по 5 иљади марки, дека имаме не знам што. При посетата на затворот во Идризово се собраа 5,6 души таму затвореници, сега можеби ме слушаат, ме гледаат, па господине Абди дали може малку разговор, па може, кога вашите 5 иљади марки ќе ги дадете на сиромаштијата. Јас им велам од твоја уста во божји уши да имам 5 иљади марки плата. Ви благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, имајќи го предвид фактот дека беше доста кажано во врска со овој закон, јас накратко ќе кажам некои мои забелешки, бидејќи се работи за доста сериозен закон, закон кој повлекува внимание кај сите граѓани. Секој пратеник знае дека се работи за едно доста чувствително прашање. За да се реши оваа проблематика, навистина, треба една цела екипа не би рекол само во Владата, и во државата да работи, за да се расчисти овој проблем, кој датира од 1944 година, па се до денес. Имајќи предвид староста на проблемот односно на предметот, ние сите знаеме дека, навистина, тешко да се најде некоја решителна формула, со која може да се надмине овој проблем баш толку лесно.

Проблемот е доста комплициран од самиот чин на предметот што го решава самиот закон. Законот, или да кажам Нацрт на закон за денационализација, бидејќи во овој период од 1945 година имавме доста проблеми и нерегуларности во врска со одземање на имотот и на правните лица и на физичките лица и сега за да се расчисти овој

проблем не може само со зборови или да кажам со разни, разни идеи, разни би рекол и советувања, но навистина треба едно сериозно ангажирање на Владата, поготово на Министерството за финансии кое ја преземало оваа задача и како предлагач на овој закон ние треба да знаеме дека е многу тешко.

Се поставува прашањето зошто се одложило времето досега за донесување на овој закон. Интересот за донесуваше на овој закон беше дури во почетокот после усвојување на Уставот , меѓутоа, имавме неколку верзии на законот, дури и од претходниот состав на Парламентот, но не сме го донеле законот. Зошто? Се работи за многу причини дали се оправдани или не сигурно има покомпетентни луѓе кои можат. и на ова прашање да дадат одговор. Ако знаеме чиста денационализација во Република Македонија, бидејќи и Законот,барем така гласи а мислам дека денационализација во Република Македонија без вклучување и на верските заедници, православната црква и џамиите и Исламската верска заедница, јас мислам дека не сме направиле ништо и законот како законска регулатива не нуди целосно решение, туку само парцијално решение.

**ХИСНИ ШАКИРИ:** (Продолжение)

До каде ние ќе инсистираме вака со парцијални решенија да ги надминеме таквите сериозни работи и проблеми кои на граѓаните на оваа земја им нанеле голема штета.

Со законот за денационализација, јас сметам дека требаше во почетокот на содржината на овој закон да се најдат и овие да кажам, правни лица, и овие субјекти, кои денеска постојат и ги вршат своите функции, како Исламска верска заедница, така и Православната црква. Зошто тоа се прави? Еден од пратениците, па и министерот се потрудил некако да го образложи овој акт, дека постојат некои нерасчистени работи помеѓу Православната Македонска црква и т.н. Меѓутоа, кај џамиите овој проблем не постои. Од моментот кога се осамостои Република Македонија не треба да постојат и во контекстот на решавање на проблемот во Православната Македонска црква . Зошто кај нас постои да кажам една доза на заплашување дека доколку го отвораме овој проблем ќе ни се создаваат и други проблеми. Проблемите ги гледаме секогаш од сосема спротивен агол. Затоа јас сметам нацртот на законот за денационализација, покрај тоа што во себе содржи и други аномалии, поготово кога е во прашање оваа проблематика, мислам дека не може толку лесно да се каже во законот дека овој проблем ќе се реши со друг закон. Ако се работи за целокупна денационализација во РМ, тогаш требаше да се најдат и овие два субјекта. Бидејќи знаеме дека во првиот фронт на ударот од тогашниот систем беа и џамиите и црквите. Ако имаше неправда врз многу граѓани кои тогаш поседувале имоти надвор од тие законски регулативи , тогаш исто така и овие две верски заедници, јас ги спомнувам овие две кои се најдоменантни или проблемот со преземање на имотот на голем дел на граѓани кои денеска не живејат во Република Македонија. Бидејќи беше спомната оваа

проблематика и од страна на г-динот Кенан ние знаеме дека од овој притисок голем дел од граѓаните од албанска националност ја напуштија тогашната Социјалистичка Република Македонија, или во почетокот Народна Република Македонија. Тој имот што е одземен од тие луѓе во законот нигде не е инкорпорирано. Има и од другите националности. Јас не барам законот да се подготвува за оваа проблематика исклучиво само за албанците. Меѓутоа, имајќи го предвид фактот дека Република Македонија во тој период од разно разни притисоци ја напуштиле голем број албанци заминувајќи за Турција и овој проблем сега ако сакаме да го решиме целосно, тогаш требаше да се најде и еден член за оваа проблематика.

На крајот да не Ви земам од времето јас сум за донесување на законот аз денационализација. Како нацрт, јас да Ви кажам право јас не се согласувам, бидејќи очекувам во последната верзија на законот Владата се води повеќе сметка и навистина да донесеме закон со кој би имале услови да се решат проблемите кои се присутни. Дали сега постојат финансиски средства, дали сме економски издржливи за спроведување на овој закон, мислам дека за овие работи треба нешто подоцна да размислуваме. Воглавном ние да донесеме закон кој ќе биде во функција на граѓаните кои ќе ги решаваат сите проблеми, исто така закон кој ќе биде квалитетен.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници од Министерството, почитувани колеги,

дозволете ми со неколку реченици да го искажам моето мислење во врска со овој нацрт закон кој е денеска пред нас. прво кај мене е

дилемата дали било потешко во 1946 година или 1997 година да се донесат вакви закони кои се различни по суштина. Секако дека 1946 година, ги донесовме во други услови, во друг систем и на некој начин со декрет тогаш се носеле законите, а сега имаме Парламент, имаме комисии, имаме фази каде што јавноста може да го искаже своето мислење. Но суштината е секако различна. Затоа сметам дека ние сме пред поголема одговорност сега од причина што пред 50 години оставиле траги во промена на суштината во она што значи имот, негова состојба во позитива, доградба или надградба, со тоа фактички дел на државата и опстојуваа а дел од тој имот е и обезвреднет , срушен или фактички не постои. Се поставува прашањето зошто процедурата е долга. Процедурата за овој законски проект и треба да биде долга, не треба толку да избрзаме и како држава да не направиме грешка или да ја повториме онаа грешка што се случувала некогаш. Што фактички опфаќа овој законски проект. Тоа е она се што може да биде предмет да се врати едноставно што може да му се одреди на некој начин титулар и сопствениците, поранешните сопственици да го вратат назад. Се другото што треба да биде спорно, сметам дека не треба да биде опфатено и така гледаме постапно, затоа што може да не занесе во една друга процедура. Сметам дека паралелно со овој законски проект треба да оди законот за градежно земјиште и друг закон тоа е враќањето на имотите во другата свера на независната власт, тоа е црквата и верските заедници. Со следните закони во 1946 година направени се спрема сопствениците на имотот неправди, а правда спрема тогашниот систем и државата која се градела. Процесите на национализација и денационализација се вршат по еднаш во еден општествен развој во една држава и тоа во оние земји, во онаа историја на општеството која врви вакви фази. Социјализам, комунизам и сега имаме капитализам. Во

западниот развиен свет ваков закон не може да биде предмет на разгледување. Тоа е карактеристично на овој систем во 90-те години по распадот на комунизмот. Добро е и тоа што во изработка на овој законски проект се вклучени и искуствата од земјите што се распаднаа од 1990 година навака, а и институции на нашата држава како што е Правниот факултет. Донесувањето на еден ваков законски проект е иницирано од потребата да градиме демократско општество ориентирано на темелите на плурализмот во сите сфери на делување и пазарно стопанство со фундамент на приватната сопственост. При една ваква уставна определба нашата држава мора да го донесе и овој закон, кој на некој начин е поттикнат од решенијата од 1945 па дури и во образложението и во самиот закон стои последните акти донесени 1978 година.

Две работи се по мене битни. Прво враќање на имотот, второ да се обесштети она што може да се обесштети, пред се на физичките лица, кои биле нормално под удар на сите овие законски проекти што биле национализација, експропријација, комасација и т.н.

Втората работа е во нашава држава продолжување на започнатиот процес на трансформација на имотот од општествен во приватен. Се поставува и едно друго прашање колку овој закон ќе биде правичен, односно дали ќе ја исправи неправдата условно направена со национализацијата. Одговорот го гледам во истата таа 1946 година и се прашувам дали неправдата во 1946 година била за некого правда и колку тие тогашни закони исправиле некоја неправда. Дали тогаш биле опфатени сите субјекти, на ист начин и со ист аршин. Сигурен сум дека тоа не било така. Значи и овој законски проект во целост не може да ги даде очекуваните резултати и вистински да ја обесправи неправдата.

XI/5.-

Спроведувањето на овој закон сериозно е усвоен од сложените финансиски можности на државата , што може да ги поднесе да може до негова поправична реализација. За подобра правичност во спроведувањето со избегнување на можностите за злоупотреби на законот треба по мене да претставуваат пред се документите , односно тапиите на поранешните сопственици. Ако тие се поседуваат и ги имаат 50% од процедурата од работата ми се чини дека е олеснета. Тоа е се регулирано во член 46 односно негова адекватна примена од страна на комисиите кои го предлагаат овој закон, што сметаме дека е добро решение, ќе ги избегнеме сите оние несакани последици. И на некој начин Македонија да не премине во место каде ќе се сведочи, ќе се бараат сведоци во судството и т.н.

Да кажам нешто за моделите. Моделите се два првиот модел моделот б- е добро решение од аспект на државата. Моделот а е подобро решение од оние што треба да бидат обештетени од причина што трансформацијата или екстровалентност на обврзницата во акција им дава полно право што побрзо имотот свој да го претворат во пари. Знаеме што е акцијата каде може да се дистрибуира, треба да проработи пазарот на акции едноставно граѓаните, сопствениците, денеска веќе ако имаме изградено големи објекти, пред се мислам на фабрики, тука користејќи го моделот а- многу побесправно може со пално право да го искористат, а додека моделот б- е прилично долг. Јас со тоа би завршил овие се моите гледања на овој закон и треба на Македонија ваков проект од причина што би ги забрзале со тоа процесите на транс- формација пред се на имотот. Наша среќа или несреќа е дека треба да го донесеме овој закон.

XI/6.-

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Министерот за правда и министерот за финансии не ме удостоија денеска на расправата. Тоа покажува каков е односот спрема овој закон. Иако многу колеги пратеници кажуваат дека е битен, ова кажува дека не е така загрижена Владата. Ме поттикна и оваа дискусија на последниот дискутант за оној континуитет од 1946 до 1997 година доаѓа дека многу разлика нема, временска дистанца е 50 години, актите се исти, само некое ново време само некои момчиња од СДСМ. Ништо друго , никаква разлика. Дека треба да се носи ваков закон во долг период значи по по следниот дискутант треба да се стартува некаде од 2050 година натаму па да се скрши прво, трето, десетто колено, па тогаш нема да има проблем во оваа држава. Ова што е заложба дека треба да се донесе овој закон по итна постапка сите се заложуваат и во експозето на премиерот во првата, втората и третата Влада и натаму беше законот за денационализација дека мора да се донесе. Дека треба одма да се донесе со сите овие забрзани постапки да работата сите струк- тури да може да се донесе. Она што се кажува направена е историска неправда. Да се онеправдаат граѓаните. Во последното кажување овој закон, не само во овој состав на Парламентот, ова нема да го доживејат ни оние први колена што се сега, бидејќи се нуди во целиот законски проект еден огромен период. Она што значи одземање на имотот, она што значи закон за денационализација, ако е земено во името на народот. т. е. во името на државата, државата треба да го врати на граѓаните. Сопственоста е нешто секаде свето во светот. Законот е доста рестриктивен. Го руши она што треба да значи исправаше на историска неправда. Тоа е правичноста и применливоста. Ние во Либераано-демократска партија не сме да се носи вака едно парцијално решение

и законот кој повеќе го штити оној што одзел, отколку на оној што му е одземено, обезбедува континуитет на претходните закони од еден друг стар режим. Рестриктивноста на овој закон наметнува едно друго прашање. Дали ова не е една тивка нов национализација. Доаѓа ова како изнудено решение, затоа што доаѓа како притисок од домашната и меѓународната јавност. Од домашното доаѓа затоа што доаѓа предизборна година и затоа што треба да се задоволи како таков филот проект да се понуди во Парламентот. За неговото донесување ќе подискутираме во друг период. Така најавуваат пратениците од СДСМ.

Она што загрижува тоа е она што го бара меѓународниот фактор. Не може Македонија да влезе во сите институции за да обезбеди кредитни линии. Она што меѓу редови го подвлече и стејдепартментот она што го пратат оние претставници, амбасади дека помина времето на продавање магла. Пет години, шест години имаше место ако знаеме дека апсолутно доминира во Парламентот СДСМ. Што беше проблем да се донесе законот. Знаеме какви не закони се донесувани во овој Парламент по скратена и по најскратена постапка. Без пишан збор можат да го донесат. Ова се чисти демагогии дека нема место да се донесе законот. Овој аргумент не држи. Она што треба да се спомне дека Македонија е можеби од ретките и посебна земја од Европа со не носеше на закон за денационализација. Тоа е потврденото, тоа е точно. Она што се случи оваа година е средбата меѓу претседателот на Русија Елцин и претседателот на Франција кои на еден свој контакт направија една работа што го зачуди целиот свет. Франција има инвестирано како инвеститор во пругата во Русија. Некаде 1800 и некоја година се договорија двајцата претседатели дека треба да се врати она што е инвестирано пред 150 години. Што значи законот постои. Постои некој

континуитет. Се договорија не да се врати туку да влегува во акции. Му предложија 21 акционер да вложат во пругата. Со што се согласи и Русија и Рускиот претседател. Што значи се отвори нов процес во Русија на инвестирање. Ние додека не го донесеме законот за денационализација кој е тој што ќе влезе во оваа држава. Кој е тој што ќе верува од оваа говорница на проектот така наречен Јане Миљовски кој не убедуваше тука дека треба да одат , прво да оди приватизацијата. Затоа што ги замеша тезите господинот Јане Миљовски, инаку потпретседател на СДСМ и потпретседател на партијата и умот на партијата Затоа што во првиот проект одеше со приватизација. А зошто се одеше со приватизација. Не убедуваше од оваа иста говорница мора да оди приватизацијата да обезбедиме пари за денационализацијата. Што се покажа. Она на мала врата се приватизира се ограбија фактички фирмите што треба да се враќаат на идните сопственици ги национализира една група на луѓе во Република Македонија. И тука е направен уште еден грабеж. Она второто дека законот за денационализација ќе дојде и ќе биде правичен, од оваа работа ќе нема ништо. Сигурно ќе почека можеби идниот парламент да се занимава со оваа тема.

Тезата што држеше дека Македонија ќе се претвори во судница сигурно дека ќе се претвори кога не се носи закон поиздржани и сигурно дека граѓаните ќе ја бараат својата сопственост. Како може, ако на граѓанинот не му се обезбеди тоа што е негово, иако тие луѓе таму, после војната се гледаат не како ратни богаташи, туку како богаташи, како капиталисти, осудувани, жигосувани, протерувани. Правда е, да се задоволи правдата и да им се врати имотот на граѓаните.

XII/1 СС/ПН

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:** (Продолжение)

Она другото што е интересантно, што се сака да се наметне во меѓународната јавност, тоа дека опозицијата е таа што сака да го кочи овој процес. Ни случајно. Опозицијата е таа во Парламентот и вонпарламентарната опозиција што сака да се донесе овој закон. Не поради тоа што се работи за еден мал дел на граѓани, иако во извештајот што е даден не кажуваат бројки и цифри.

Тоа што посебно треба да се нагласи е тоа дека оваа национализација и ова исправање, така наречената денационализација во овој период на 50, после 50 години, во наредните 30 години за враќање на дел на имотот, многумина не го доживеаја ова. Сигурно се починати. Во овој временски период од 80 години сигурно и првото и второто поколение, прашаше е дали ќе доживее да му се врати дел од она што му е одземено.

Тоа што ЛДП го спори во самиот закон е тоа што овој закон се нудат некои решенија во овој закон со многу подзаконски акти и решенија само познати на Владата на РМ. Сигурно, ние имаме генерална забелешка за тоа што се направи анкета не се кажани точниот број на граѓани во однос на она што е одземено: земјиште, имот, станови, згради, сточен фонд, шумски посади, куќи, музеи, школи. Многу граѓани се жалат на тоа дека точниот број не е така.

Посебно стои за станбениот фонд. Таму што е пишано во законот дека се работи за 2.300 и не знам колку станови, добар дел граѓани од Скопје кажуваат дека во Скопје нема повеќе од 250, 300 и тн. Мислам дека бројките се многу зголемени, за да се направи една фама кај обичните граѓани, дека државата се става во таква состојба дека не е

способна да го понесе овој терет. Се прави дека овој закон ако се донесе ќе направи нови потреси во самата државата на еден слој на социјално загрозените граѓани во РМ. Тоа воопшто не ер вистина. Ако Владата водеше една политика, ако Владата мислеше да враќа нешто, немаше потреба да ги продава становите за багателна цена. Имаме ние тука и пратеници кои земаат станови за 5-6 иљjади марки. Не е момент сега да ги спомнеме но ќе ги кажеме во друга прилика. Не е добро. Не само пратеници. Земаа и министри, земаа и новинари. Точно е.

Тоа што не е спомнато во овој закон, цената на чинењето на овој проект, се нагодува. И, ако се каже дека и самиот министер во своето експозе кажа дека нема некоја, да кажам анализа колку би чинело, како може да се носи закон ако не се знае која е цената на чинењето на овој проект.

Беше спомнато тука дека се иззема црковниот имот. Црковниот имот, точно е дека не е предмет на овој закон, што е грешка, затоа што многу несериозно испадна во оваа сала, по предлог на еден пратеник кој предложи да оди со друг закон, но истиот го притиснаа таму во фоаје, па дојде и предложи, дајте, ќе отповикуваме, па го симнавме законот за враќање на црковниот имот со друг закон. Мислам дека не само за црковниот имот, тука треба да се најде и за сите други имоти што се земени од верските заедници.

Тоа што посебно ги става граѓаните во нерамноправна положба, тоа е категоризацијата на она со обврзниците, А - обврзници, В - обврзници, лимитот до 10 0 иљjади германски марки. Мислам дека ова решение е паушално и не нуди некое решение,

затоа што државата требаше да најде механизам за она што требаше да се врати, да се врати, она што треба како надомест да се плати.

Она што се јавува низ самиот законски проект како решение за наследниците што треба да добијат дел во однос на надоместокот, а пота треба да плаќаат и данок на промет за она што треба да му се враќа, мислам дека не држи ако оној имот низ изминатите 50 години не е окаматен, не држи формулацијата дека истите тие, наследници од прв ред, дека треба да плаќаат данок на промет. Овој закон не го третира градежното земјиште, што ние во Ј1ДП сме против. Токму овој закон треба да го третира уредувањето на градежното земјиште.

Посебно треба да се обрне внимание за комисијата. Комисијата што ќе обавува една многу деликатна функција, знаете, се зборува меѓу народот, оној кој ќе биде во комисијата добил седмица на лото. Зошто? Бидејќи комисијата е таа што ќе одлучува кому ќе даде имот, кому ќе плати, дали е морално-политички подобен, или, со наши зборови меѓу редови кажано, кај граѓаните, оној кој има врски и пријатели и оној кој ќе плати ќе добие. Оние кои немаат да платат, нема да добијат, иако е тоа нивни имот.

Може да се случи комисијата, да кажеме, еве, новокомпонованн бизнисмени, па да кажеме се даваат деловен простор, еве на пример за "ОРКА" еве комисијата може да се рече дека и "ОЕКА" има континуитет, таа фирма или било која фирма што се дадени дуќани, а не да им ги врати на луѓето, на оние на кои им ги одзел. Може комисијата, како и овој Парламент, бидејќи апсолутно мнозинство има СДСМ, може да донесе

било која одлука да се донесе. Тоа не е спорно. Затоа, како решение, треба да се направи поширока комисија, да бидат членови и од Парламентот за да има контрола над оваа комисија. Не да бидат таму 3 или 4 членови, директно под јурис дикција на министерот. Не. Треба да биде составена од повеќе ресорни министерства и да има контрола од Парламентот. Да биде комисија од 20 луѓе. Да се знае, да има транспарентност, да биде јавна работава.

Посебно би спомнал еден случај што не го третира овој закон. Тоа е 1949 година, година на колективизација. Без управен акт и со присила, со сила, посебно во село Немањици, Свети Николе, може е познато или не, е извршена колективизација на сила, со употреба на полициски сили и војска. Селото е уништено и до ден денеска иако броело стотици куќи, илјада граѓани, луѓето се со репресалии, со сила, шиканирани, малтретирани и затворани, добар дел се осудувани на смрт. Имотот не им е вратен. Не е водена управна постапка, нема управен акт, нема документ. Како сега ова ќе го третира овој закон? Како ќе им се врати на луѓето во село Немањици, како ќе им се врати имотот. Има такви и други случаи, ширум РМ. Но, ова е еклатантен пример затоа што се осудувани и на смрт, им е земан имотот од идеолошки причини.

Сигурно дека нашава историја не познава, барем во вој период од 1945 година тероризам или геноцид, што како таква формулација стои во законскиот проект. Мислам дека многу штетно како оваква формулација да стои во овој законски проект. Се јавија граѓани од населба"Зорле", за Скопје познати или луѓе кои  некогаш живееле во село Водно. Се жалат

затоа направена историска неправда и е направен, во однос се жалат граѓаните затоа што селото е срушено за да вили на функционери. Знаеме кој се живее на Водно. И треба да го третира истиот закон, да се види дали на тие граѓанни кои живееле во село Водно има соодветен третман.

Тоа што се залагаме ние во ЛДП, законот да биде чесен, сигурно дека ќе биде проблематичен. Било најчесно државата да каже ние немаме пари, т.е. да каже Владата ние не сме подготвени во овој момент д го решиме овој законски проект. Заложбата на ЛДП да има еден континуитет во владеењето на правото, затоа што би отворила можност за инвестиции на многу странски фирми, странски капитал ако донесеме вака рестриктивен закон, ако не го дефинираме титуларот на сопственоста, ако ги испомешавме работите со приватизацијата и денационализација, немој да правиме нова национализација и, затоа што сме ставени на испит. Немој да мислите дека ако донесеме закон и ако преку весниците кажуваме дека вака и вака, ќе ги излажеме луѓето во Европа, ни случајно. Европа нас многу подобро не познава отколку самите себе. затоа сме сите на испит и еднаш треба да се срушат сите идеолошки догми.

Благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за Ване Наумовски.

**ВДНЕ НАУМОВСКИ:**

Прво, не знам колегата што толку се запали. Јас ќе му кажам една работа, очигледно дека со телото бил овде, а со умот не. А, за таквите посебно ќе потенцирам што кажав. Сега слушајте ме, господине, внимателно, да не реплицирате после пак.

Реков дека 1946 година бил еден систем, едно Собрание и се носеле законите со декрет. Сега имаме нов систем, Парламент, комисии, друг начин. Кажав каде е разликата. Тежината меѓу едното и другото носење. Сметам дека овој пат потешко се донесуваат, бидејќи 50 години оставиле период на трага на промени на имовината. Ова беше суштината. Вие, како ме разбравте, не знам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Слободан Даневски, реплика.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Прво, јас не се палам, а најмалку можеш ти да ме запалиш.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да си ги кажувате особините, ве молам. Кој на што се пали, немојте овде.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Во она што го кажав јас знам каде сум бил со умот, но вие можеби се враќате во времеплов. Јас реков, нема никаква разлика ако се донесе

овој закон, 1946, 1997, со истите филозофии, се е исто.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, пријателот Даневски рече дека, како подносителот на законот за враќање на имотот на МПЦ, некој ме притиснал и сум го повлекол од процедура.

Мислам дека Даневски не е добро информиран, можеби не бил на таа седница, не знам. За информирање барам од Собранието на РМ за наредната седница до сите пратеници да достави стенографски белешки од оваа седница на која што се гледаше законот за враќање на имотите.

Мора да повторам уште еднаш, дека сите господа тогаш гласавте, враќањето на имотот на МПЦ да оди во рамките на законот за денационализација. Со оглед на тоа што имотот не се враќа со овој закон јас денеска, законот за враќање на имотот на МПЦ повторно го пуштив во процедура. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Милошевски.

За стенографските белешки, знае Собранието, тој кој има потреба од стенографските белешки, ќе му ги доставиме, да не правиме трошоци без потреба.

Повелете г-дине Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, драги колеги, претставници на Владата.

Со неколку зборови сакам да се обратам за овој законски проект што е денеска на дневен ред и вчера. Уште според мене и според мојата политичка партија е доста битен за нашата држава.

Од многумина наречен, еве и од мене закон со кој што ќе се исправи една историска неправда. Судбината била таа денеска ние, овие години, оваа деценија да ја исправиме таа историска неправда, што во тоа време била правда, сега од нас окарактеризирана како неправда.

Затоа, законот, можеби оди во една таква постапка во една таква процедура, три фази, низ кои што низ една демократска процедура, ние, како пратеници, граѓаните на РМ, со своите укажувања, со нашите укажувања ќе донесеме еден демократски правичен, најдобар закон, според нас, да не би направиле уште една историска неправда, па 50-тина години после нас да дојдат други генерации во истава сала и ја исправаат таа неправда.

Сведоци сме на тоа дека во блиско минато, во блиско соседство некои носеа брзи закони. Донесоа брз закон за приватизација, донесоа експресен закон за денационализација. Знаеме што се направи, каква несреќа си направија на себе. Така што, констатацијата дека треба да се донесе законот за денационализација по брза постапка, според мене паѓа во вода. И, не е некој стои зад тоа да кочи и да е против тоа да се носи еден таков закон. Најмалку СДСМ. СДС се залага и СДС ќе го донесе овој закон и ќе ја понесе историската одговорност од која што не бега.

Можеби е полесно на поедини политички партии, опозициони, парламентарни, вонпарламентарни да прават свој маркетинг околу донесување на овој закон. Дека, тие ако беа, ќе го донесеа на брзина. Ним им е лесно затоа што одговорноста ќе биде многу помала нивна, отколку наша, на мојата политичка партија на СДС и коалиционата влада.

Затоа, за овој закон да не правиме многу политички маркетинг, партиски маркетинг, личен маркетинг, туку сериозно да ги разгледаме сите момент во законот и да изградиме еден таков закон, со кој што, реков, после 50 години нема да дозволиме некој да не критикува и да каже ние направивме историска неправда.

Нема да ги повторувам колегите кои дадоа конструктивни забелешки на законот. Работи што не се опфатени во законот. Меѓутоа нема да се согласам со оние, кои наседнати од своите бирачи дека законот се носи, ваков ќе биде, таков ќе биде, до крај да се оди на тоа што еден од моите колеги предложи и ние како пратеници да учествуваме во работата на таа комисија, комисија што ќе го враќа имотот. Дека ние сме тие најправичните и да се сомневаме во господата од Владата кои ќе ја формираат таа комисија и ќе ја спроведат денационализацијата.

Можеби некој ќе каже имал 50 0 овци, му се вратиле 5. Меѓутоа, сигурно, како што вели законот, ќе му се врати за што ќе поднесе документација за тоа. Сигурно за тоа ќе се држат. А, ние како Парламент ќе го контролирале тоа. Таман работа, ако ние влеземе во работата на

таа комисија за да видиме кој кого ќе контролира. Тогаш се враќаме во 1946 година, во времето кога се носел овој закон, закон без контрола, нели. Тие што носеле законот, тие и го спроведувале. Сега ние го критикуваме.

Ќе спомнам само една работа што не опфатена во законот. Според мене и треба да се опфати во целиот закон. Со сите законски проекти со кои што бил одземен имотот: земјиште, шуми, утрини, фабрики, биле одземени 1946 година и наваму од страна на државата, таа имовина треба да се врати сега. Во законот не е опишано дали тие луѓе, сопствениците од кои е одземен имотот, дали тие во овој 50 годишен период, 60 годишен, нешто зеле од државава? Сведоци сме, никој овде не спомна, еден од колегите спомна дека е направена една неправда со продавање на станови. Веројатно сакаше дискусијата да ја насочи во една друга насока, дека господата од владеачката гарнитура купуваа станови за багателни пари. Не. Граѓаните на РМ купија станови за багателни пари, во кои тие граѓани се политички определени као што самите се определени. Сигурно, не само во мојата политичка партија, туку и во другите политички партии. Ако некој сака со тоа да се занимава, ќе направи една поширока анкета, поширока анализа, што според мене е неизводливо.

XIII/1/дв/лј

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:** (продолжение)

Дали г-дата што сега ќе поднесе своја документација, наследниците на покојниците за враќање на имотот, дали тие во тој 50 годишен период не земале нето од државата, дали не земале стан, дали некој од нив, некој овде рече дека го поклониле имотот. Некои го давале имотот но затоа земале голема награда од државата. Таа награда се вика детски додаток кој за времето бил не баш така мал. Бил многу стимулативен. Тоа возрасните го знаат. Дали од таа г-да некој не земал кредит да се школува во нашето евтино школство за кое знаеме и ние. Јас се школував во едно такво време кога школството беше за бадијава. Дали некој не добил нешто од државата.

Сега да дојдеме на 1990 година кога почнаа да се продава- ат становите. Дали од таа г-да што ќе поднесе барање да им се врати имотот, тоа во законот не е опишано, неоткупиле стан за багателни цени, како што рече еден од претходните дискутанти, од 500 до 5000ДМ.

Исто така во законот не е опфатено, кај нас е обраќа здружението на граѓаните кои се доселени во становите кои подлежат на денационализација. Ние ќе исправиме една неправда направена спрема 200 граѓани во државата и така треба да биде. Меѓутоа, ќе направиме една голема неправда спрема 2000 граѓани кои сега живеат во тие станови. Трагедијата< да биде поголема, може би меѓу тие 200 сите се корисници на станови кои ги имаат откупено по 500 до 5000 ДМ. Ова г-да која живее во овие станови кои сега треба да бидат одземени односно да ги отстапи, тие немале шанса да купат еден таков стан од 500 до 5000 ДМ.

Се јавува една трета категорија на луѓе. Јас колку што располагам со информација станбените фондови се формирани во 1974 година, со формирањето на интересните заедници за становање. Сите вработени одвојуваа по 4% од личниот доход. Тоа се пари национализирани од страна на државата, но вратени на луѓето по еден друг пат со изградба на станови кои во 1990 и 1991 година се продадоа за багателни цени, од 500 до 5000 ДМ. Дали сите граѓани на кои им е одбивано од плата по 4%, дали сите од нив ги имаат своите пари назад. Тоа е една трета категорија која ќе биде оштетена со донесување на овој закон, работа која не е опфатена со овој закон.

Јас ќе си залагам во таквата фаза, сите овие три категории да бидат опфатени. Велам сериозно, не маркетиншки, но овој закон да го донесеме, да биде, според нас, најправичен и да има што помалку оштетен, а тоа дека ќе има пресување во државата, сигурно ќе има. Овој закон ќе ја чини државата. Ќе ја чини и тоа не баш малку.

Јас сакам само да кажам уште неколку зборови, тоа е според мое видување, а тоа е дали требаше прво да се прави закон за денационализација, па закон за приватизација.

И во законот за приватизација односно за него, секојдневно во печатот пишува дека бившите сопственици на таа и таа фирма да се јават затоа што таа фирма ќе оди во приватизација. Колку што се моите сознанија сите бивши сопственици на тие фирми кои подлежат на процесот на приватизација веќе учествуваат со својот дел, со своите акции во тие претпријатија. Така да таа категорија на луѓе што имаат свој интерес, своја документација, во тие претпријатија кои се приватизираат, пред законот веќе се врши денационализација, така да тие луѓе не се оштетени.

XIII/3.-

Само уште еден коментар на некои од дискутантите.

Дали ние сме тие последните во Европа или од земјите во транзиција кој ќе го носи законот за денационализација. Не,колку што се моите сознанија и на многу мина од вас, и една земја од Европската заедница нема донесено ваков закон за денационализација. Ние знаеме дека и наши граѓани имаат побарувања, свои тапии, во одреден историски период на живеењето на Балканот и Европа, и е направена една неправда која и ден денес не е исправена за што длабоко сум убеден дека таа неправда ќе биде исправена. Дали на нас ќе ни замери Европската заеднина, колку што јас располагам со сознанијата дека Европската заедница и другите Европски држави немаат некој интерес од донесување на ваков закон од денационализација затоа што немаат којзнае каква инвестиција. Нема инвестирано. Нема пруги градено Франција како што има градено во Русија, па да биде засегната Франција. Ние сме мала држава, во тоа време биле многу сиромашни и сигурно тој имот тогаш не бил интересен од други.

Јас ќе се з заблагодарам само на луѓето кои работат и ќе ги замолам овие мои забелешки да ги градат во законот, како би ние во третата фаза, кога ќе дојде законот на расправа во Собранието би имале еден уште поквалитетен закон, а не велам дека и овој не е квалитетен.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Имаше доста исцрпна дискусија по Нацртот на законот за денационализација.

Последен се јавив заради тоа што мојот впечаток е дека со дискусиите кои се водеа се имаше многу малку за цел да се подобри

законот односно да се дадат предлози кои ќе го направат да биде по правичен и за оние кои во едно друго време, во еден друг систем им е одземен имотот, а и на оние за кои сега со овој закон, може би ќе ги доведеме во многу понезавидна положба, иако низ законот не можеме, можеби да ставиме една одредена граница која ќе направи рамнотежа, она што се вика прецизна вага, во делот на одредените права.

Денеска слушнав, но вчера само одредени додворувања кон едните и другите. Мислам на нашиот народ не му треба такво нешто. На нашиот народ му треба закон кој навистина на некој начин ќе направи, она што е направено во одредено време, денес, еве, заради уставните определби каде што сопственоста е на право место, да ги обесштетиме во тој дел како бивши сопственици.

Сигурно дека законот во тој дел ќе треба да види што е останато, во кој дел е останато, каде е прелеано, дали од тој дел државата ги искористиле сите предности од имот и во кој дел. Дали од тоа, бидејќи овде имаше и такви дискусии, имаат корист поединци во промената на системот со приватизацијата и тн. Ако сите тие мерила се вклопат во законот, сигурно, по мое длабоко убедување ќе имаме закон кој ќе ги разреши дилемите и ќе имаме една поголема правичност во едната и на другата страна.

Сигурно свесни се сите граѓани во државата дека оваа наша држава, може би, после ова изминато време, во овој нов систем не ќе може до крај да ги обештети во оној дел во кој што навистина биле во тоа време оштетени. НО, и претходниот дискутант кажа, да не направиме со овој закон и оние кои не биле оштетени, многу биле привилегирани и искористиле во еден систем кој што изминува, денес да бидат и наградени. Сигурно дека не смееме државата да ја ставиме во позиција заради овој закон да имаме реперкусии во делот на стандардот на граѓаните, кој сакаме да расте а не да опаѓа. Ако е тоа тенденцијата на законот јас не гласам за еден таков закон па макар би бил и поинаку

критикуван или оквалификуван. Секогаш личноста треба да биде на двете страни.

Она што се нуди во законот, сакам малку околу тоа да продикусутирам, не сакам да одам во некои маркетинзи како што овде ги слушав, треба да видиме, дали сите категории на оштетени се опфатени со законот. Ако не се, а тука имаше доста дискусии за одредени категории, дали тоа се поединци или други субјекти, тие да ги внесеме во делот на обештетувањето, значи ни еден да не биде пропуштен. Од друга страна да видиме во кој дел, барем за оној дел каде се работи за деловен простор, станбениот простор да го оставиме кој во едно време, ако се сеќаваме какви ни беа деловните простори и вредноста на тие деловни простори кои тогаш се одземени и каква е вредноста на она што сега е надоградено. Колкава е разликата меѓу едното и другото.

Исто така да не го запоставиме и она што претходниот дискутант што го кажа, да видиме, колку овие кои биле едно време оштетени, сега бараат обесштетување и колку државата досега ги обесштетила. Значи тоа е еден голем проблем кој, еве така едноставно, само со членови во законот, ако не се дефинирани не може да се донесе правичен закон за денационализација. Но, тргнат е еден процес Еве ние веќе во втора фаза, како нацрт на закон имаме еден предлог кој треба а го доградуваме, а може би во овој дел треба да имаме одредени информации што е настанато во делот на приватизацијата во делот на учеството во акции на бившите сопственици во одредени претпријатија преку санациите на банките или преку агенцијата за приватизација, дали има во тој дел нешто и колкав е тој дел, за, сепак не се зголеми онаа маса на паричен надоместок, ако имотот не може одеднаш да се врати на оние на кој им е одземен. Да видиме колку од прилика Република

Македонија ќе ја чини приватизацијата односно колку ќе ги чини граѓаните на оваа држава сега денационализацијата.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Г-дине претседателе, г-да пратеници

Бидејќи и вчера и денес водиме долга расправа по закон кој веројатно побудува големо внимание како во надворешната така и во внатрешната јавност, би сакал јас да кажам.

Кога велам надворешната јавност мислам на тоа дека, еве Македонија е посебна земја која треба да го спроведе процесот на денационализација, мислам на сите земји во рамките на Советот на Европа. Заради тоа убеден сум дека надворешната јавност будно го следи ова наше заседание и би сакала да слушне што парламентот мисли за тоа и што Владата ќе преземе во тој правец.

Факт е дека таа меѓународна јавност се поупорно бара од Владата да го спроведе овој закон кон го вети кон меѓународната јавност и го договори. За жал, иако го вети и да договори, сеуште нема сериозни намери тоа да го реши.

За да се заврши една работа, односно да се донесе овој закон потребно е да се исполнат два основни предуслови. Тоа се: да се сака и да се може. Дали се може или поточно дали се можеше.

Прво, што се однесува до имотот кој постои во целост или делумно, неговото враќање на сопствениците воопшто и нема да ја чини Република Македонија. Единствено ќе се промени само титуларот на сопственоста и Македонија финансиски на тоа поле нема ништо да изгуби.

XIII/7.-

Останува делот на имотот кој повеќе не постои или пак дел од него не постои и имот над кој се прогласени државни интереси и на крај имоти кои во меѓувреме се дадени на користење на други граѓани, или уште полошо кои се продадени.

Сега наеднаш, и во образложението на законот а и во излагањето на г-динот министер се укажува дека финансиската состојба на државата е лоша и ќе биде тешко да се оствари брза реализација, посебно делот на имотот кој не постои и решавање на проблемите со имотот кој е даден под кирија или продаден. Но, дали предлагачот воопшто има ориентација колкав е тој капитал кој треба да се обесштети а јас мислам Владата и воопшто и не знае и така под ракав е изнесен и рокот од 30 години во кој треба да се врши процесот на денационализација. Јас не гледам никаков начин како е стигнал до таа бројка фамозна од 30 години процес на денационализација. Дали се знае бројката со која влегуваме во тој процес и бројката со која треба да излеземе и за колку време. Ништо од тоа

не е познато. Едноставно е познато 30 години.

Зошто во реализацијата на овој закон не се пристапи веднаш кога и се најави односно пред пет години.

Прашувам, колкав капитал односно колкав имот, дуќани, станови и што се не друго во Република Македонија се продадени во последните пет години. Каде се потрошени парите од продадениот државен имот. Колкав капитал е даден во бесцение при процесот на' приватизацијата и трансформацијата на општествениот капитал. Дали Република Македонија ќе имаше можност, може би не во целост но сепак многу повеќе отколку денес да ја заврши денационализацијата. Да, ќе имаше. Но, во тој случај, ќе немаше толку многу новопечени газди,

стопанственици, бизнисмени, газди на дуќани на објекти и слично.

Ве молам, дали некој може да каже колкав станбен простор и колкав станбен фонд е продаден во последните години и по кои цени и колку средства се собрани. Веројатно некаде има анализи но тие засега се деловна и државна тајна. Доколку само по овие основи се собере капиталот со кое располагаше Република Македонија од времето од кога се отпочна со размислување со овој закон, реализацијата на процесот на денационализација ќе беше многу пореална, ќе имаше што да се понуди на поранешните сопственици во замена. Но сега, им се нудат обврзници со рок на реализација од 30 години. Очигледно работите се добро осмислени и добро водени. И очиглено е дека не можеше да се обезбедат моментално добри услови. Сега ни се нуди како единствен начин за плаќање обврски од државата, буџетот. Сепак ќе мора да признаете дека Буџетот е многу тенок да може сето тоа да го издржи. Требаше тоа да се замисли и да се реализира заедно со процесот на приватизација и трансформација на општествениот капитал. Очигледно, морам да повторам, се сакаше тој процес да заврши онака како што заврши и тој имот да заврши точно кај одбрани луѓе и сега сме сите заедно пред проблемот, од каде пари за процесот за денационализација.

XIV/1

лп/вс

**КИРЕ ВИДИМЧЕ** (продолжение)

Второ, дали се сака. Првата иницијатива за овој закон, како што кажав датира од пред 5 години, односно, што би рекол народот се расчепкаа старите рани и се отворија нови. Оттогаш па наваму молк. Пред две години се доби предлогот за донесување на закон, потоа една таканаречена анкета која требаше да каже колку ќе чини приватизацијата, денационализацијата, па повторно молк. Ветувања во многу наврати, но практично молк во реализацијата. Сега кога меѓународната јавност притисна повторно се узбуркува јавноста и веројатно после тоа повторно следува молк.

За жал, оваа верзија на Нацрт на закон која сега ни се нуди е многу по рестриктивна и многу по лоша верзија од првата верзија, предлогот за донесување на закон. Покрај тоа, во него не е опфатено како предмет на размислување градежното земјиште, имотите на црквата, не се спомнати воопшто имоти земени со експропријација кои до ден денес се уште не се исплатени и многу други работи.

Се планира отплатата да почне од 1 јули 2000 година. Ве молам, тоа е во следниот милениум. Ве молам, ако е и од Владата, многу е. Отплатата ќе почне од 1 јули 2000 година, ќе трае 30 наредни години, ако на тоа ги додадеме 50-те години кои изминаа од кога имотот е одземен, значи процесот на денационапизација со овој закон се планира да трае 80 години. Ве молам, подзамислете се малку сепак е голема бројка.

Партијата на континуитет, како што сакаат популарно да се нарекува Социјал-демократскиот сојуз, мора да го одржи континуитетот, па тешко и е да успее да направи надвор нешто од тој континуитет. Сепак ќе признаете, денационализацијата е нешто што е надвор од тој континуитет. Јас го разбирам процесот на национализација на ТАТ, тоа е сосема во вашиот континуитет и се случи, го имаме. Дали ќе имаме и денационализација на ТАТ - нема да се случи, ќе ја немаме. Слично се случува и со овој процес.

Затоа, ве молам во името на луѓето кои ги узбуркавме сите заедно како Парламент, како луѓе кои партиципираме во овој Парламент, во името на граѓаните на Македонија кои очекуваат навистина да се случи денационализацијата предлагам Владата односно СДСМ сериозно да

размисли дали воопшто мисли да го донесе овој закон. Јас сум убеден дека не мисли да го донесе, освен под краен притисок на меѓународната јавност и под надворешни влијанија, но не со своја желба и своја програма. Затоа, ве молам размислете, доколку навистина се сака, јас не би навлегувал во детали, мора да се најде начин тоа да се реализира, бидејќи постојат многу начини, државата за тоа е тука да го реши.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ** (од место)

Процедурално, да се изјаснам како ќе гласам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе ви дадам збор, но прво да видам колку пратеници се присутни во салата.

Имаме кворум.

Ќе ви дадам збор г-дине Станковски, дозволете да предложам заклучок па после ќе ви дадам збор.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на РМ го усвојува Нацртот на законот за денационализација.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на оваа седница на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието, да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за финансии и Министерството за правда.

Пред да поминеме на гласање, г-дин Станковски сака да каже како ќе гласа.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Благодарам, претседателе.

Јас секако ќе гласам за овој закон, меѓутоа, пред да прејдеме на гласање ќе кажам дека со овој закон се овозможува, кога ќе дојде во наредна фаза, да се исправат многуте грешки од минатото

Ќе остане должен на едно мое другарче - ова не е никаква парола и демагогија- кое живееше во мое мало, чии родители умреа во најголема беда а беа прогласени како воени богаташи, профитери, што не беше вистина. Тие луѓе умреа, но моето другарче со својот брат и сестра уште живи, меѓутоа се веќе на возраст од околу 60 години. Мислам дека со овој закон ако побрзаме и ја исправиме таа неправда, ќе исправиме многу неправди слични на оваа што ја реков.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира има многу поединечни судбини, но наша обврска е да го донесеме законот кој ќе треба да исправи многу неправди, покрај другото,

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака.

62 пратеници. гласаа (за).

Дали некој има против? (нема)

Дали некој се воздружува од гласање? (никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Предлагам овде да престанеме со работа.

Продолжуваме во среда во 11,00 но ве молам за точност, за да бидеме поефикасни во работата.

(Седницата прекина во 16,30 часот).